Документ за јавни политики:

Осврнување на странското мешање и манипулирање со информации во контекст на европските регулативи

DOI: 10.64370/HKWK9169

Институт за комуникациски студии

respublica

Издавач:
Институт за комуникациски студии
ул. „Јурij Гагарин“ 17-1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

За издавачот:
вон. проф. д-р Жанета Трајкоска

Едиција:
ResPublica

Автор:
д-р Конрад Блејер-Симон

Уредник:
Александра Теменугова

Превод од англиски на македонски јазик:
м-р Станка Радева

Јазична редакција:
проф. д-р Симона Груевска-Маџоска

Наслов на оригиналот на англиски јазик:
Policy Paper: Addressing Foreign Information Manipulation in the Context of European Regulations

Графички дизајн:
Дејан Јовески

Место и година:
Скопје, 2025

Овој документ е подготвен во рамките на проектот „Следење, откривање и разобличување на скриеното странско мешање и манипулирање со информации“, финансиран од Владата на Обединетото Кралство, со поддршка на Британската амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите изразени овде не мора да одговараат на мислењата и ставовите на Британската Влада.

Публикацијата беше изработена во соработка со Институтот за комуникациски студии и Центарот за медиумски плурализам и медиумска слобода при Институтот на Европскиот универзитет, Фиренца.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.776.23:327.8]:34(4-672ЕУ)(047.31)

БЛЕЈЕР-Симон, Конрад
Документ за јавни политики: Осврнување на странското мешање и манипулирање со информации во контекст на европските регулативи
[Електронски извор] / [автор Конрад Блејер-Симон ; превод од англиски на македонски јазик Станка Радева]. - Скопје : Институт за комуникациски студии, 2025. - (Едиција ResPublica)

Начин на пристапување (URL):
https://respublica.edu.mk/wp-content/uploads/2025/06/dok-za-javni-politiki-osvrnuvanje-na-smmi-vo-kontekst-na-eu-regulativi-mk.pdf.
- Превод на делото: Policy paper: Addressing foreign information manipulation in the context of european regulations. - Текст во PDF формат, содржи 44 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 05.12.2025. - Фусноти кон текстот. - За авторот: стр. 44. - Библиографија: стр. 35-43

ISBN 978-608-4805-68-7

а) Дезинформации -- Странски влијанија -- Правна рамка -- Европска Унија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 67636741

Документ за јавни политики:

Осврнување на странското мешање и манипулирање со информации во контекст на европските регулативи

од Конрад Блејер-Симон

Содржина

АПСТРАКТ 5

ВОВЕД 7

– Преглед на политиките на ЕУ 10
– Обврски на дигиталните платформи според Законот за дигитални услуги и Европскиот закон за слобода на медиумите во однос на сузбивањето на странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) 15
– На кој начин земјите членки на ЕУ и земјите кандидати треба да ги спроведат мерките за справување со странското мешање и манипулирање со информации (СММИ)? 20
– Каква е улогата на политичките чинители во овозможувањето јавност и отчетност во дигиталниот простор? 24
– Како медиумските организации можат да ја подобрат отпорноста на странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) во рамките на постојната регулаторна рамка? 25
– Кои се најдобрите практики во рамките на ЕУ и дали тие можат да се применат во земјите од Западен Балкан? 27

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ 31

- Заклучоци 31
- Препораки 33

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 35

- Политики 35
- Користени извори 37

ЗА АВТОРОТ 44

Апстракт

Овој документ за политики ги анализира регулаторните обврски и институционалните одговорности што произлегуваат од законодавната рамка на ЕУ за зајакнување на интегритетот на информациите и зголемување на отпорноста на општеството кон странското мешање и манипулирање со информации (СММИ). Со оглед на тоа што голем број од мерките за справување со штетна содржина што потекнува од странство се опфатени со политиките против дезинформации, ќе ги вклучиме овие мерки во нашето истражување. Документот за политики започнува со краток вовед за проблемот со странското мешање и манипулирање со информации (СММИ), проследен со преглед на регулаторниот пејзаж во ЕУ. Воведот ги разгледува 1) соодветните обврски на дигиталните платформи според Законот за дигитални услуги, Европскиот закон за слобода на медиумите (ЕМФА) и други релевантни политики на ЕУ, 2) начините на кои владите на земјите членки на ЕУ и земјите кандидати треба да ги спроведуваат регулативите на ЕУ, 3) улогата на политичките чинители во осигурувањето транспарентност и отчетност во дигиталниот простор, 4) можностите за медиумските организации да ја подобрат отпорноста кон странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) во рамките на постојната регулаторна рамка и, конечно, 5) посочува неколку најдобри практики во рамките на ЕУ коишто може да се применат во земјите од Западен Балкан. Низ документот детално ја проценуваме ситуацијата – и даваме препораки за повеќе засегнати страни, како што се технолошките компании (особено операторите на многу големи онлајн платформи и многу големи онлајн пребарувачи – ВЛОП и ВЛОС), националните влади, политичките чинители, медиумските организации, како и граѓанското општество и научната заедница.

Клучни зборови: странско мешање и манипулирање со информации (СММИ), дезинформации, регулатива на ЕУ, Закон за дигитални услуги, Европски закон за слобода на медиумите, Северна Македонија

СПИСОК НА КРАТЕНКИ

1. **СММИ** – Странско мешање и манипулирање со информации
2. **ЕУ** – Европска Унија
3. **ЕЗСМ (EMFA)** – Европски закон за слобода на медиумите (European Media Freedom Act)
4. **ВЛОП (VLOP)** – Многу големи онлајн платформи
5. **ВЛОС (VLOS)** – Многу големи онлајн пребарувачи
6. **ЕСНД (EAAS)** – Европска служба за надворешно дејствување (European External Action Service)
7. **ЕОДМ (EDMO)** – Европска опсерваторија за дигитални медиуми (Eurpoean Digital Media Observatory)
8. **ЕМСПФ (EFCSN)** – Европската мрежа за стандарди за проверка на факти (European Fact-Checking Standards Network)
9. **ОСИНТ (OSINT)** – Разузнавање со користење отворени извори
10. **ЗБОП**/CSDP – Заедничка безбедносна и одбранбена политика (Common Security and Defence Policy)
11. **ЗНБП** – Заедничка надворешна и безбедносна политика
12. **ТТП (TTP)** – тактики, техники и процедури (Tactics, Techniques and Procedures) (Овој акроним се користи за да се опишат различните методи и стратегии што ги користат странските чинители за да манипулираат со информации и да вршат мешање. Примери за ТТП вклучуваат напади со хакирање и протекување, компјутеризирани лажни информации и координирани неавтентични активности.)

Вовед

Целта на овој документ за политики е да процени што можат и што треба да направат соодветните засегнати страни во ЕУ и земјите од Западен Балкан за да се спротивстават на странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) – но, притоа, треба да истакнеме дека странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) е недофатлива и постојано еволуирачка закана, која се вкрстува со одредени други ризици за интегритетот на информациите. Во многу случаи, странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) е облик на дезинформации[1] што јасно потекнува од извори надвор од ЕУ, но терминот опфаќа не само одредени облици на штетна содржина (дезинформации, пропаганда итн.) туку и однесувања и оперативни методи (ТТП [TTP] – тактики, техники и процедури), како што се напади со хакирање и протекување, компјутеризирани лажни информации и координирани неавтентични активности. Европскиот акциски план за демократија (2020) и Зајакнатиот кодекс на практика од 2022 година (сега Кодекс на однесување) во борбата против дезинформации споменуваат дека „странското мешање во информацискиот простор“ „честопати се спроведува како дел од поширока хибридна операција, може да се разбере како принудни и измамнички напори за нарушување на слободното основање и изразување на политичката волја на поединците од страна на странски државен чинител или негови агенти“.

Во многу случаи, странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) – исто како и повеќето облици на дезинформации – не е незаконско. Сепак, може да предизвика штета на демократските процеси (како што е интегритетот на изборите) или јавниот ред (на пример, во случај на пандемија или за време на вонредна состојба за националната безбедност). Како закана за безбедноста (како клучен составен дел на таканаречената хибридна војна), може да се рефлектира и во стратегиите за национална одбрана и национална

1 Следејќи ја дефиницијата на Вардл и Дераксан (2017), сметаме дека дезинформациите намерно шират штетна и заведувачка содржина. Дефиницијата на Европскиот акциски план за демократија / Кодекс на практика / Кодекс на однесување во борбата против дезинформации додава дека „дезинформациите се лажна или заведувачка содржина што се шири со намера да се измами или да се осигури економска или политичка добивка и што може да предизвика јавна штета“ – таквата содржина во повеќето случаи е поврзана со прашања од јавен интерес (особено јавното здравје и демократското учество), стратегиски се шири – и може да генерира економска или политичка добивка за своите извори или ширители. Во текстот, феноменот го нарекуваме „дезинформации“, но треба да се напомене дека платформите и истражувачите честопати го нарекуваат истиот феномен „дезинформации“ или „штетна дезинформација“. Во европскиот политички дискурс, дезинформациите – во согласност со дефиницијата на Вардл и Дераксан (2017) – се однесуваат на лажна или заведувачка содржина што е ненамерно ширена.

безбедност. Како што ќе покажеме подоцна, врз основа на проценатa на политиките на ЕУ, странското мешање и манипулирањето со информации може да се сметаат за системски ризик според член 34 од Законот за дигитални услуги. Во Кодексот на однесување во борбата против дезинформации се споменува дека релевантните засегнати страни треба да „ја препознаат потребата да продолжат да ги зајакнуваат своите обврски со цел да се спротивстават и да ги ограничат недозволените манипулативни однесувања и практики во нивните услуги, странското мешање и манипулирање со информации и хибридните закани за безбедноста“. Покрај тоа, странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) е исто така истакнато во контекст на националната задача за следење на европските медиумски пазари, предложена во член 26 од Европскиот закон за слобода на медиумите.

При процена на странските чинители кои можат да претставуваат најголема закана за интегритетот на информациите во Европа, главната земја на потекло на манипулациите со информациите што се споменува е Руската Федерација – изворите се официјални државни канали (како што се владини профили), државно контролирани медиуми (како што се добро познатите *РТ* и *Спутник*), канали поврзани со државата (на пример, чинители каде што припадноста не е јавно откриена, но се поврзани со државата, разузнавачки служби или луѓе со силни врски со политичките елити) и канали поврзани со државата, при што контролата или финансирањето од страна на државата не може да се докаже, но наративите јасно се совпаѓаат со оние на претходно споменатите чинители (видете ЕСНД – Европска служба за надворешно дејствување [EEAS], 2025).

Европската служба за надворешно дејствување (ЕСНД) откри знаци на напади со странски информации во неколку земји членки на ЕУ. Операцијата *Двојник* (*Doppelgänger*), на пример, создаде веб-страници што ги имитираат постојните мејнстрим веб-страници во Франција, Германија, Италија, Полска и Шпанија (*EUvsDisinfo,* 2024), но веројатно била насочена и кон други земји. Помеѓу крајот на 2022 и крајот на 2023 година, голем број напади со странски информации биле регистрирани во Полска, Германија и Франција (повеќе од 20 по земја). Неколку напади (помеѓу 1 и 5) биле регистрирани и во Северна Македонија, како и во други земји од Западен Балкан (ЕСНД, 2024). Во својот претходен извештај, ЕСНД истакна дека странските дезинформации се шират на 16 јазици на ЕУ. Меѓу „другите“ јазици (7,66 % од случаите) беше наведен и македонскиот јазик (ЕСНД, 2023). Од истрагите на ЕОДМ (Европска опсерваторија за дигитални медиуми) се покажа дека во период од една седмица (20 – 26 март 2024 година), мрежата *Правда* (првично идентификувана од *Вигинум* [VigiNum], 2024) била активна во 19 земји од ЕУ: Грција, Италија, Холандија, Данска, Хрватска, Чешка, Словачка, Бугарија, Романија, Финска, Шведска, Португалија, Естонија, Латвија, Литванија, Унгарија, Кипар, Ирска, Словенија (Sitistas et al., 2024). Истражувањето на членовите на мрежата ЕОДМ откри странско мешање поврзано со претседателските избори во Романија на 24 ноември и 8 декември, како и со парламентарните избори на 1 декември 2024 година (Checkfirst, 2024, Европска комисија, 2024). Затоа, резултатите од првиот круг од претседателските избори беа поништени од Уставниот суд (Sarbu & Tanno, 2024).

Исто така, се зголемува вниманието кон кампањите на дезинформации што потекнуваат од Кина, но во овој случај, има помалку документирани случаи на мешање. Во февруари 2024 година, *Ситизенлаб* (CitizenLab) откри операција со информации наречена *Paperwall* (*Хартиен sud*). Оваа операција за влијание со кинеско потекло изградила мрежа од 123

лажни медиуми низ целиот свет, со силно присуство во Европа. Меѓу откриените алатки биле белгиска и луксембуршка веб-страница (Alaphilippe, 2024). Иран, исто така, ги целел западноевропските земји со кампањи на дезинформации (Канцеларија за јавни работи, 2020). Полска и другите соседни земји понекогаш се цел на дезинформации што потекнуваат од Белорусија (Bryjka & Legucka, 2021), додека во Шведска влијателна кампања на дезинформации била водена од странски чинители од земјите што зборуваат арапски јазик (Giandomenico & Linderstål, 2023). Србија се смета за засилувач или извор на дезинформации во многу земји од Западен Балкан (видете, на пример, Европски парламент, 2025).

Дури и ако една земја не е директна цел на странски чинители на дезинформации, тоа не значи дека локалната публика не е изложена на наративи од странско потекло – на пример, во Унгарија, многу провладини медиуми ги користат руските медиуми контролирани од државата како извори на информации и ги засилуваат своите пораки (Kapronczay, 2022; Urbán et al. 2023). Унгарија може да биде и еден од случаите (или потенцијално единствената земја од ЕУ во овој момент) што шири дезинформации од внатрешноста на ЕУ кон други земји. Значајни инвестиции од актери поврзани со Унгарската влада се познати во Словенија и во Северна Македонија. Во контекст на Северна Македонија, објавени се истражувања за унгарските инвеститори Петер Шац и Агнес Адамик – две лица со блиски врски со владејачката партија Фидес во Унгарија кои купиле голем број медиуми во Северна Македонија (Керанов, 2025). Овие медиуми, кои биле индиректно поддржани од Унгарската влада, во своите наративи се силни поддржувачи на ВМРО-ДПМНЕ (Трпковски, 2020). Студијата на Европскиот парламент (2021) забележа дека овие медиуми биле извори на „бројни кампањи на дезинформации, не само за да се дискредитира владата на СДСМ туку и да се поткопа Преспанскиот договор со Грција и другите евроатлантски напори на земјата".

Конечно, важно е да се истакнат можните мотиви за профит зад мешањето во информациите – кои исто така се опфатени со мерките на политиките на ЕУ. Поимот *потенцијална економска добивка*, употребен во многу документи за јавна политика на ЕУ, може да се забележи и во случај на манипулации со странски информации. За да го истакнеме ова, можеме да погледнеме на некои од клучните чинители вклучени во ширењето на дезинформациите: прво, политички мотивираните чинители и нивните сојузници, второ, онлајн платформите и трето, група што би ја нарекле мали претприемачи. Во првиот случај, многу чинители со намера да доведат во заблуда ангажираат подизведувачи да ја завршат работата, на пример, во случајот со Агенцијата за истражување на интернет, изведувачите заработуваа за живот со тролање и засилување на наративите на Кремљ. Второ, самите онлајн платформи согледуваат дека дезинформациите и другите облици на штетна содржина може да се користат како алатка за зголемена интеракција, поминато време и приходи на платформите (Diaz Ruiz, 2023). Преку шеми за монетизација на содржината, платформите и ширителите на дезинформации може да си ги делат приходите. Истрагата спроведена од Глобалниот индекс на дезинформации (2021) открила, на пример, дека *Раша тудеј (Russia Today), Спутник (Sputnik), Бреитбарт (Breitbart)* заработувале повеќе од 700.000 американски долари месечно преку услуги за онлајн рекламирање. Според бројките објавени од *Статиста* (*Statista*, 2021), објавувачите на „дезинформации" заработиле 2,6 милијарди американски долари во програмско рекламирање ширум светот во 2021 година. Се верува дека повеќе од 30 проценти од рекламирање-

то во онлајн медиумите може да припаѓа на страниците за дезинформации – *ЊузГард* (*NewsGuard*, 2021) пишува, врз основа на искуството во САД: „за секои 2,16 американски долари приходи од дигитални реклами испратени до легитимни весници, американските огласувачи испраќаат 1 долар на веб-страници за дезинформации“. И трето, како последица на претходните две групи чинители, многу мали претприемачи ќе се приклучат, откако ќе сфатат дека влијателната содржина е профитабилна содржина – широко опфатен феномен беше и случајот со таканаречените „Македонски тинејџери“ кои заработувале пари објавувајќи многубројни протрампистички статии на социјалните медиуми.

Земајќи ги предвид овие предизвици, Европската Унија нагласува дека единствен европски пристап би можел да го надмине фрагментираниот регулаторен пејзаж, да спречи контрадикторни политики од различни земји членки и да овозможи насочено внимание на управувањето со платформите. Ова не би било можно доколку креаторите на политиките се обидуваат да се справат со прашањето за меѓународно оперативните технолошки гиганти на национално ниво. Германија и Франција, а потоа и Европската комисија, предводеа во регулативата што ги одредува одговорностите на информациските посредници, како што се давателите на услуги на социјалните медиуми кои ја контролираат доминантната инфраструктура на ширење и консумирање вести. Во оваа област, иако таканаречениот ефект на Брисел игра улога во обезбедувањето стандард за регулирање на онлајн сферата на глобално ниво (Bradford, 2019), проблемите сè уште постојат, бидејќи повеќето големи онлајн платформи се со седиште во САД и може да им биде тешко да се приспособат на барањата на другите јурисдикции (Програма за глобални правни научници при Правниот центар на Универзитетот Џорџтаун, 2022) – ова стана јасно откако Елон Маск стана сопственик на Твитер (сега X) и подоцна, кога Мета одлучи постепено да ја укине својата програма за проверка на факти од трети страни. Во исто време, многу земји користеа и (по)меки пристапи, преку овозможувачки/олеснувачки начин, за да ја зајакнат отпорноста на членовите на општеството кон штетна, измислена содржина.

ПРЕГЛЕД НА ПОЛИТИКИТЕ НА ЕУ

Европската Унија предничи во креирањето политики за справување со дезинформациите кои се широко пофалени за нивниот потенцијал. Една од првите мерки беше основањето на Работната група источен Стратком[2] во 2015 година (на состанокот на Европскиот совет на 19 – 20 март) со цел утврдување и справување со штетните наративи – кои потекнуваат надвор од ЕУ – кои можат да ги дестабилизираат европските општества (Vériter, 2024). Потоа следеше комуникација за хибридните закани,[3] која намерното ширење на погрешни пораки го сметаше за една од своите клучни точки на интерес

[2] Која е дел од Европската служба за надворешно дејствување.

[3] Хибридните закани се нови облици на конфликти кои се потпираат на широк арсенал алатки за дестабилизација на земјите. Ван Ремдонк и Мејер (2024) тврдат дека дезинформациите „имаат потенцијал да ги поткопаат правичните изборни процеси и да го загрозат јавното здравје [и затоа] се квалификуваат како хибридна закана“.

(Abbamonte & Gori, 2023:130). Извори на ваквите наративи, во тоа време, се сметаше дека се актери поврзани со Русија, земја која кратко време претходно ја нападна соседна Украина и го користеше својот пропаганден апарат за да влијае врз јавното мислење во голем број земји, вклучително и членки на ЕУ. Акронимот странско мешање и манипулирање со информации (СММИ) (Foreign Information Manipulation and Interference – FMMI) широко се користи во политичките дискусии што се однесуваат на обидите за манипулација со информации од страна на субјекти спонзорирани од странски држави – концептот се преклопува со дезинформациите, но ги утврдува своите цели не врз основа на содржината, туку на однесувањето на чинителите (тактики, техники и процедури) (Hénin, 2023).

Сепак, изворот на штетни, невистинити и погрешни наративи може да претставува нешто повеќе од само странска сила. Тие може исто толку лесно да потекнуваат од самите граѓани на земјата, кои свесно или несвесно споделуваат информации што може да имаат негативни ефекти врз општеството. Осмислувањето мерки против таквата содржина е чувствително прашање, бидејќи слободната комуникација и размената на мислења на луѓето за прашања од јавен интерес се клучни за отвореното општество. Слободата на говор е заштитена со закон во секоја земја членка на ЕУ – ограничувањата треба да се оправдани и пропорционални. Да не спомнуваме дека содржината на дезинформациските пораки во повеќето случаи би се сметала за законски дозволена комуникација – само загриженоста за нејзиното можно влијание ја прави предмет на дејствување од страна на јавните политики. Поради оваа причина, европските креатори на политики уште на почетокот ставија акцент на заштитата на основните права додека се справуваа со дезинформациите – и се залагаа за европски пристап со цел да се избегне фрагментиран европски политички пејзаж имајќи го предвид проблемот со прекуграничноста (Nenadić, 2019, European Commission, 2018a).

Пристапот на ЕУ за справување со дезинформациите, особено на интернет, се темели на идејата дека легалната содржина, дури и ако може да се смета за штетна, „општо земено е заштитена со слободата на изразување и треба да се третира поинаку од нелегалната содржина“ (Европска комисија, 2018б).

Сеопфатниот пристап на ниво на ЕУ започна со основање на Експертска група од висок профил за лажни вести и дезинформации на интернет. Оваа иницијатива овозможи дискусија меѓу научниците, индустријата, граѓанското општество и креаторите на политики со цел да се дефинира патот кон европски политички иницијативи за справување со заканата од дезинформации. Во извештајот (Експертска група за лажни вести и дезинформации на интернет, 2018) тие се залагаат за мултидимензионален пристап кој им доделува значајна улога на независните медиуми. Нејзините препораки вклучуваа зголемена транспарентност на продукцијата на онлајн вести, поддршка на здрав и разновиден пазар на вести, ја истакнаа важноста на мерките за медиумска писменост и апелираа онлајн платформите да развијат алатки што ги оспособуваат нивните корисници.

Паралелно со работата на Експертската група и Кодексот на практика, Акцискиот план на Европската комисија против дезинформации беше објавен во 2018 година, со цел заштита на демократските системи во контекст на изборите, врз основа на работата што ја изврши Работната група источен Стратком“. Во него беа утврдени мерките што се очекуваше да ги преземат Европската комисија и нејзиниот висок претставник, во соработка со земјите членки на ЕУ и Европскиот парламент. Хоризонталната работна група

на Европскиот совет за подобрување на отпорноста и справување со хибридни закани е исто така од големо значење . Оваа работна група има централна координативна улога во ЕУ за заеднички одговор на ЕУ на хибридните закани.

Акциskиот план на Комисијата ја истакна потребата од зголемување на транспарентноста и одговорноста во дигиталното опкружување и од подобрување на способноста на сите општествени членови да се спротивстават на дезинформациите, наместо само да се казнуваат објавувачите на дезинформации. Акциskиот план нагласи дека 1) ЕУ треба да ги зголеми своите капацитети за откривање дезинформации, 2) да ги зајакне своите одговори (на пример, преку воспоставување систем за брзо предупредување), како и 3) да го мобилизира приватниот сектор за преземање мерки против дезинформациите и да ја подигне свеста во општеството (преку поддршка на проверка на факти и истражување) (видете исто така Gori & Abbamonte, 2023: 139–140).

Прашањето за медиумската писменост – кое е важно за подобрување на општествената отпорност на дезинформации – е разгледувано и на европско ниво. Ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги (2018/1808) од 2018 година нагласува дека земјите членки треба да ги подобрат вештините за медиумска писменост на општествата и притоа со мерките треба да се развива способноста за критичко размислување. Акциskиот план за дигитално образование (КОМ/2020/624) ја нагласува потребата од поттикнување на ваквите вештини преку образование и обука. Експертската група за медиумска писменост се состанува годишно за да ги утврди и да ги овозможи добрите практики. Сепак, досега, ограничени информации се достапни за тоа како ЕУ или нејзините различни земји членки се справуваат со прашањето за медиумската писменост (Goodman, 2021).

Уште во 2018 година, беше донесен саморегулаторниот Кодекс на практика за дезинформации, во пресрет на изборите за Европскиот парламент во 2019 година. Како дел од овој револуционерен напор, дел од најголемите онлајн платформи се обврзаа на задачи кои не беа барани од нив со закон: тие ветија дека ќе ги спречат ширителите на дезинформации да остваруваат приходи преку нивните услуги, дека ќе го ограничат употребувањето на ботови, ќе ја подобрат транспарентноста на политичкото рекламирање, а во исто време ќе ги зајакнуваат корисниците и истражувачите преку алатки со кои може да ги менаџираат интеракциите и искуството со платформите. Во 2020 година, беше основана Европската опсерваторија за дигитални медиуми (ЕОДМ/EDMO) – проект што ги обединува академските кругови, стручните лица за политики, организациите за проверка на факти и професионалците за медиумска писменост. Целта на ЕОДМ беше да ја поддржи работата што се спроведува според Кодексот, а до 2022 година ЕОДМ основаше локални центри што ги претставуваа сите земји членки на ЕУ. И покрај тоа што содржината на Кодексот на практика ветуваше измени, неговото влијание беше ограничено поради недостаток на усогласеност и надзор, а во 2022 година беше објавен нов Зајакнат кодекс на практика против дезинформации за да се решат недостатоците. Истиот вклучуваше јасни метрики и механизми за мониторинг кои овозможуваат следење на напредокот и на тој начин придонесуваат за ефикасноста на иницијативата. Истовремено, загрижувачки е што и покрај зголемувањето на бројот на потписници на овој Кодекс, Твитер (подоцна преименуван во X), кој е една од најголемите онлајн платформи и извор на бројни чинители во ширењето на дезинформации, одлучи да се повлече од соработката откако

не успеа да исполни многу од своите обврски (Pitchers, 2023).

Според Законот за дигитални услуги, Кодексот на практика беше трансформиран од саморегулаторен инструмент, во корегулаторен кодекс на однесување и на тој начин да служи како водич за задолжителните мерки на платформите за намалување на ризиците. Иако не е конкретно фокусиран на дезинформации, Законот за дигитални услуги е моќна алатка што воспоставува рамка за транспарентност и јасна одговорност на онлајн платформите, особено оние што се нарекуваат „многу големи онлајн платформи" (ВЛОП/VLOP),[4] како што се претходно споменатиот X или услугите управувани од Алфабет/Alphabet (Гугл/Google) и Мета/Meta (Фејсбук/Facebook). Законот за дигитални услуги, меѓу другото, утврдува обврски за овие платформи за препознавање и ублажување на системските ризици, како што се дезинформациите, ги повикува на етичко однесување при онлајн рекламирање и бара од „многу големите онлајн платформи" (ВЛОП) да спроведуваат годишна ревизија на сопствен трошок.[5]

Дополнителна заштита на онлајн информациската средина во ЕУ може да се најде, меѓу другото, и во Законот за дигитални пазари, во Европскиот закон за слобода на медиумите, во Законот за вештачка интелигенција и во Регулативата за транспарентност и целење на политичкото рекламирање.

Иако европскиот пристап, откако ќе биде целосно развиен, може да обезбеди значителна заштита за граѓаните кои користат социјални медиуми или други онлајн услуги низ цела Европа и може да поттикне одредена конвергенција, важно е да се истакне дека справувањето со дезинформациите е прилично сложена задача, а европскиот пристап, кој е главно фокусиран на платформи, е само еден од нејзините составни делови. Ова стана очигледно за време на руската инвазија на Украина во февруари 2022 година. Креаторите на политиките забележаа дека заканата од ширење дезинформации со руско потекло и воена пропаганда заснована на измислени информации е неизбежно, не само на социјалните медиуми туку и преку радиодифузните услуги, меѓународните медиумски куќи и услугите за пораки. Оттаму, на 2 март, во Службениот весник на ЕУ беше објавена официјална забрана на руските меѓународни медиумски куќи *РТ* (порано *Раша Тудеј/ Russia Today*) и *Спутник.* Регулативата и одлуката на Советот обезбедија законска основа за отстранување на двата медиума[6]. Подоцна, беа блокирани и дополнителни канали, како што се *Росија РТР/РТР Планета*, *Росија 24/Русија 24* и *ТВ Центар Интернешнл*.

[4] Very Large Online Platforms – VLOP. Како и „многу големи пребарувачи" (ВЛОС) или VLOSE – Very Large Online Search Engines.

[5] Сепак, во одредени земји, овој европски пристап се смета, до одреден степен, за загрижувачки: Ирска, Шведска и Финска, на пример, објавија заеднички документ во кој ги истакнаа можните ризици од прекумерно блокирање доколку одредбите се применат на содржина што не е „очигледно нелегална". Politico (2021).

[6] Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, на 27 февруари објави дека РТ и Спутник ќе бидат забранети во ЕУ. Санкцијата беше објавена во Службениот весник на 2 март, во облик на Одлука на Советот (ЗНБП) 2022/351 од 1 март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП, интегрирана во Регулативата на Советот (ЕУ) 2022/350 од 1 март 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 833/20144. Правната основа на регулативата е член 215 од ДФЕУ во рамките на надворешното дејствување на ЕУ и заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП). Кога одлука донесена во рамките на ЗНБП „предвидува прекин или намалување, делумно или целосно, на економските и финансиските односи со една или повеќе трети земји, Советот, постапувајќи со квалификувано мнозинство по заеднички предлог на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика и Комисијата, ги донесува потребните мерки. За тоа го информира Европскиот парламент." Во став 2 од членот се вели дека „[...] Советот може да донесе рестриктивни мерки во согласност со постапката наведена во став 1 против физички или правни лица и групи или недржавни субјекти" и во (став 3) се додава дека „[актите] наведени во овој член треба да содржат потребни одредби за правни заштитни мерки." Забраната наведена во Одлуката и Регулативата на Советот значеше прекин на преносот и дистрибуцијата преку сателит и кабел, како и блокирање на содржината на „IP-TV, даватели на интернет-услуги, платформи или апликации за споделување видео на интернет, без разлика дали се нови или претходно инсталирани" на операторите РТ и Спутник.

Зошто овие медиуми се сметаат за дел од операциите на странско мешање и манипулирање со информации (СММИ) не се забележува на прв поглед. *РТ* и *Спутник* се глобални медиумски мрежи кои тврдат дека обезбедуваат „алтернативни ставови“ (Erlanger, 2017) на голем број јазици. И двете се подружници на руската државна новинска агенција *Русија Денес* и делумно се финансирани од руската држава. Нивната уредничка независност е под знак прашалник, со оглед на нивната силна поврзаност со Руската влада. Студиите известуваат за тоа како медиумите објавуваат не само вести базирани на факти туку и бројни измислени или погрешни приказни, вклучувајќи теории на заговор (Yablokov, 2015). Таканаречените „нутритивни етикети“ што ги користи *Њузгард* за категоризирање на информативните медиуми врз основа на нивната веродостојност, истакнуваат дека двата медиума сериозно ги кршат новинарските стандарди: тие постојано објавуваат лажна содржина, ретко ги признаваат грешките и не прават јасна разлика меѓу вест и уреднички став (*NewsGuard*, 2022a и b). *РТ* обезбедува емитување на четири јазици што се зборуваат во ЕУ, преку *РТ* на англиски јазик, *РТ* на германски јазик, *РТ* на француски јазик и на *РТ* на шпански јазик. Не само што не ги почитуваат новинарските стандарди туку, според извештајот изготвен и координиран од Министерството за правда на САД, Централната разузнавачка агенција и Националната безбедносна агенција од 2017, двата медиума биле дел од руските пропагандни напори и заедно со „мрежа од квазивладини тролови“ воделе кампања за влијание што го загрозила интегритетот на претседателските избори во САД во 2016 година (Национален разузнавачки совет на САД, 2017 година). Врз основа на интервјуа со поранешни и сегашни вработени од двата медиума, Елсва и Хауард (2020) тврдеа дека *РТ* е „опортунистички канал што се користи како инструмент на државната одбранбена политика за мешање во политиката на други држави“.

Забраната беше веднаш спроведена низ цела ЕУ, од страна на медиумските власти, институциите и операторите на кој било начин вклучени во нејзиното спроведување. Сепак, оваа мерка можеби не е меѓу најефикасните, поради ограничувањата во спроведувањето – веб-страниците на медиумите останаа достапни некое време по одлуката на Советот во одредени земји членки. Во Унгарија на пример, дури имаше и поплаки од граѓанските организации дека, и покрај забраната, медиумите, вклучително и јавните медиуми, продолжиле да се потпираат на *РТ* како извор за нивното известување за ситуацијата во Украина (Kapronczay, 2022). Во исто време, можеме да видиме и дека забраната на ниво на цела ЕУ ги удвои напорите на земјите членки. Регулаторите во балтичките земји и Полска дејствуваа дури и неколку дена пред Регулативата на Советот (Munch, 2022), и независно од неа, со укинување на реемитувањето на голем број други телевизиски програми со руско потекло врз основа на закани за националната безбедност или во примена на член 3.3 од Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги на ЕУ (ДАВМУ), во која се наведува дека земја членка може да ја ограничи слободата на прием и реемитување кога аудиовизуелна медиумска услуга обезбедена под јурисдикција на друга држава ја загрозува или претставува сериозен и тежок ризик од загрозување на јавната безбедност, вклучително и заштитата на националната безбедност и одбрана. Дури и во претходните години, АВМСД ефикасно се користеше од земјите членки за ограничување на руското емитување,

особено во балтичките земји,[7] бидејќи дозволува да се укине емитување програми што поттикнуваат омраза (како што се гледа во случајот со Латвија и *Русија РТР*, Европска комисија, 2021). На 2 февруари 2022 година, Германската комисија за овластување и надзор (ZAK) исто така одлучи да го забрани германското издание на *РТ* (Etteldorf, 2022).[8]

Забраната на ЕУ беше широко критикувана во заедницата којашто се залага за слобода на изразувањето дека е произволна политичка одлука.[9] ТЗатоа, член 17 од Европскиот закон за слобода на медиумите (ЕМФА) предложи координиран пристап, кој би бил иницира од најмалку два национални регулатора и би бил надгледуван од новоформираниот Европски одбор за медиумски услуги (телото кое е наследник на Европската група регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги).

Сите овие мерки ја истакнуваат сложеноста на проблемот со дезинформациите. Успешниот пристап не само што бара низа координирани одговори туку креаторите на политиките треба да се свесни и подготвени да ги исправат несаканите последици од нивните мерки. Европскиот пристап не може да функционира без соработка на земјите членки. Уште повеќе, разликите во нивото на отпорност на земјите и природата на заканата со која се соочуваат, ја стават националната регулатива постојано на дневен ред. Затоа потребно е да се разбере на ниво на земја што е тоа што може успешно да дејствува против дезинформациите и како една земја во ЕУ може најдобро да ја искористи можноста што ја нуди европскиот пристап и да ја надополни со оптимални мерки.

ОБВРСКИ НА ДИГИТАЛНИТЕ ПЛАТФОРМИ СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ И ЕВРОПСКИОТ ЗАКОН ЗА СЛОБОДА НА МЕДИУМИТЕ ВО ОДНОС НА СУЗБИВАЊЕТО НА СТРАНСКОТО МЕШАЊЕ И МАНИПУЛИРАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ (СММИ)

Првите значајни обиди за справување со дезинформациите и другите информативни предизвици за демократијата на социјалните медиуми се случија во Франција и во Германија (видете Craufford Smith, 2019, Tworek & Leerssen, 2019). Освен искуствата од избо-

[7] Во мислење од 2021 година, Европската група на регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ЕРГА) утврди дека одлуката бр. 68/1-2 на Латвискиот национален совет за електронски масовни медиуми за ограничување на реемитувањето на Русија РТР (Rossija RTR) на територијата на земјата во текот на 12 месеци е основана и компатибилна со ДАВМУ, бидејќи давателот на услуги постојано ја прекршувал материјалната одредба од член 6 (1) од Директивата („Без да е во спротивност со обврската на земјите членки да го почитуваат и заштитуваат човековото достоинство, земјите членки осигуруваат со соодветни средства аудиовизуелните медиумски услуги што ги обезбедуваат давателите на медиумски услуги под нивна јурисдикција да не содржат никакво: поттикнување насилство или омраза насочени против група лица или член на група врз основа на која било од основите наведени во член 21 од Повелбата“) на начин што, во специфичниот контекст на поранешна членка на Советскиот Сојуз со значително етничко руско население, е „соодветен за влошување на тензиите што го попречуваат мирниот соживот на суверените нации и етнички групи“. Покрај тоа, мислењето, исто така, споменува дека забрани се случиле и претходно, и во Латвија и во Литванија. Видете: ERGA (2021).

[8] Го санкционираше германското издание на РТ поради тоа што не поседува соодветна лиценца за емитување во Германија (емитувачот имал српска лиценца и никогаш не аплицирал за германска). Во соопштението се вели дека „организирањето и дистрибуцијата на телевизиската програма преку пренос во живо на интернет, преку мобилната и паметната ТВ-апликација РТ Њуз (RT News) и преку сателит мора да се прекине“.

[9] Еден од најгласните критичари од научната област е Дирк Вурхоф (2022), професор емеритус на Универзитетот во Гент. Тој нагласи дека ваквите процедури треба да се засноваат на специфично законодавство и да се наметнати од суд или регулатор, засновајќи ја мерката на Одлука и Регулатива, а дозволувањето на политичките, а не на судските власти да „наметнат забрана за одредени медиуми, врз основа на прилично нејасни и двосмислени основи, е без преседан“.

рите во САД во 2016 година и Брегзит, главен поттик беше наводното странско мешање во претседателските избори во Франција во 2017 година. Во обете земји, законодавните обиди беа критикувани поради нивниот можен ефект на ограничување на слободата на изразување (видете Craufurd Smith, 2019, Claussen, 2018).[10] Германскиот Закон за работа на мрежите (NetzDG) е насочен главно кон нелегална содржина на социјалните мрежи, но може и индиректно да се справи со дезинформациите. Тој воведува механизам за транспарентност и надомест на штета – принудувајќи ги големите социјални мрежи и дигитални платформи да блокираат и/или бришат „очигледно нелегална" содржина, која е пријавена од корисниците, во рок од 24 часа, на платформи кои имаат повеќе од 2 милиони корисници во земјата. За пријавена содржина што не е очигледно нелегална, рокот е седум дена. Францускиот пристап беше под влијание на германската регулатива (видете Türk, 2024), сепак, со акцент на изборите и јасна назнака за дезинформациите.

Поттикната од регулативата за платформите во Германија и во Франција, Европската комисија предводи регулатива што се концентрира на одговорностите на информациските посредници, како што се давателите на услуги на социјалните медиуми кои ја контролираат доминантната инфраструктура на споделување вести и информирање. Законот за дигитални услуги (кој заменува одредени закони на ниво на земја членка) има голем број упатувања што се однесуваат и на странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) – иако главно се насочени кон дезинформации (во поширока смисла, вклучувајќи ги и ТТП и други штетни активности). Регулативата во својот текст нагласува дека се однесува не само на ширењето на нелегална содржина туку и на „општествените ризици што може да ги генерира ширењето на дезинформации или друга содржина". Конкретно ги споменува манипулативните техники на целење кои „може негативно да влијаат на цели групи и да ги зголемат штетите во општеството, на пример во корист на дезинформациски кампањи или со дискриминација на одредени групи". Онлајн платформите, како што се популарните социјални медиуми или услугите за стриминг, се особено ризични, така што таа бара од давателите на овие платформи да не користат специфични методи на целење.

Законот за дигитални услуги ги воведува категориите *многу големи онлајн платформи* (ВЛОП/VLOP) и *многу големи онлајн пребарувачи* (ВЛОС/VLOS), опфаќајќи услуги што имаат повеќе од 45 милиони корисници на месечно ниво во ЕУ. Регулативата нагласува дека ВЛОП и ВЛОС „обрнуваат особено внимание на тоа како нивните услуги се користат за ширење или засилување на заведувачка или измамничка содржина, вклучително и дезинформации". Покрај тоа, се бара „тие исто така да разгледаат дејства за подигнување на свеста, особено кога ризиците се однесуваат на дезинформациски кампањи". Понатаму, се бара назначување координатори за дигитални услуги во секоја земја членка на ЕУ со цел да ѝ се помогне на Комисијата во следењето и спроведувањето на обврските од Законот за дигитални услуги.

[10] Студијата за отстранување коментари од проектот „Иднината на слободата на говорот" (2024) покажа дека уделот на нелегална содржина меѓу отстранетите коментари на Јутјуб/YouTube и Фејсбук/Facebook е многу помал отколку во Франција и во Шведска, и во ова се гледа знак за можно прекумерно отстранување на содржина поради Нец ДГ/Netz DG. Во исто време, откако Законот за дигитални услуги ќе се примени, Нец ДГ/Netz DG повеќе не може да се применува. Видете на пример: Engage (2023).

Транспарентноста во овој контекст е релевантна компонента, бидејќи ВЛОП и ВЛОС треба да обезбедат пристап до нивните архиви на реклами и манипулативна содржина „со реално и предвидливо негативно влијание врз јавното здравје, јавната безбедност, граѓанскиот дискурс, политичкото учество и еднаквоста". Архивите, меѓу другото, треба да вклучуваат информации за „физичкото или правното лице кое платило за рекламата". Во контекст на странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) и дезинформациите, особено треба да се обрне внимание на следниве членови од Законот за дигитални услуги: член 24 за обврските за известување за транспарентност за давателите на онлајн платформи, член 26 за рекламирање на онлајн платформи, член 27 за транспарентност на системот за препораки, како и член 5 од Регулативата, кој ги опишува обврските на овие даватели на услуги за управување со системски ризици. Тие вклучуваат член 33 за многу големи онлајн платформи и многу големи онлајн пребарувачи, член 34 за процена на ризик и член 35 за ублажување на ризиците. Текстот на Законот за дигитални услуги, исто така, споменува дека Комисијата може да иницира „доброволни кризни протоколи" за брзи одговори на онлајн предизвици. „Таков случај може да е, на пример, кога онлајн платформите се злоупотребуваат за брзо ширење на нелегална содржина или дезинформации или кога се јавува потреба за брзо ширење на информации од доверба."

Мерките за ублажување на ризикот поврзани со легална, но сепак штетна содржина најдобро можат да се спроведат преку почитување на Кодексот на однесување во борбата против дезинформации. Без разлика што почитувањето на обврските опишани во овој Кодекс не е задолжително (не сите ВЛОП се потписници на Кодексот, па дури и оние што се потпишале не ги почитуваат сите обврски), Кодексот истакнува низа мерки што би можеле ефикасно да ги ограничат штетните ефекти од дезинформациите и странското мешање. Законот за дигитални услуги како и Кодексот на практика бараат од ВЛОП и ВЛОСЕ редовно да известуваат за преземените мерки.

Кодексот на однесување во борбата против дезинформации има 43 обврски и 128 специфични мерки; потпишан е од повеќе од 40 потписници, вклучувајќи платформи на големи технолошки компании, индустриски здруженија, граѓанско општество и проверувачи на факти. Уште пред да стане Кодекс на однесување според Законот за дигитални услуги, претходниот Кодекс на практика се сметаше за значајно достигнување во справувањето со дезинформациите, како и странското мешање и манипулирање со информации, бидејќи ги принудуваше платформите да се обврзат на дејствија што инаку не би се барале од нив со закон.

Кодексот опфаќа шест главни области: 1) Контрола на рекламирањето, 2) Политичко рекламирање, 3) Интегритет на услугите, 4) Јакнење на корисниците, 5) Јакнење на истражувачката заедница и 6) Јакнење на заедницата за проверка на факти. Бара следење на обврските преку изготвување извештаи за сопствената работа и анализа на структурните показатели од трети страни – до кои може да се пристапи преку Центарот за транспарентност (https://disinfocode.eu/). За да го направи Кодексот отпорен на идни промени, постојана работна група ги приспособува обврските на новите случувања. Во Кодексот од 2022 година направена е разлика помеѓу термините „дезинформации" и „Дезинформации": Дезинформациите со голема буква „Д" вклучуваат не само дезинформации туку и погрешни информации, странско мешање и манипулирање со информации (СММИ) и голем број други облици на манипулација со информации.

Шесте горенаведени области од Кодексот предлагаат низа конкретни активности, како што се демонетизација на дезинформациите (сосредоточувајќи се и на приходите генерирани преку дезинформации и на парите потрошени за засилување на дезинформациите), достапност на граѓаните со потребните алатки за справување со манипулирана содржина (како што се зајакната медиумска писменост и можноста за пријавување проблематични содржини преку вградени алатки во платформата), транспарентност на услугите (така што нетранспарентните алгоритми не може да ги засилат дезинформациите), транспарентност на политичкото рекламирање, така што финансиерите и методите на целење може да се проверат, подобра подготвеност на истражувачите, така што ќе бидат достапни доволно информации за проблемот и решенијата со дезинформациите и конечно, поттикнување на соработката меѓу платформите и проверувачите на факти, како и и финансирањето на организациите за проверка на факти.

Кодексот ќе биде една од можните мерки за ублажување на ризиците предвидени со Законот за дигитални услуги, но за да стане значајна и ефикасна алатка, засегнатите страни, како што се креаторите на политики и граѓанското општество, треба да овозможат доволно стимулации. Во спротивно платформите може да се обидат да го ограничат усогласувањето. Така, на пример, Јутјуб во својот извештај за транспарентност за 2025 година јасно стави до знаење дека се повлекува од своите ветувања. Во него пишува: „Гугл (Google) го ревидираше своето приклучување за да се насочи кон разумни, пропорционални и ефикасни мерки за ублажување на системските ризици поврзани со дезинформациите, кои се приспособени на нашите услуги. Според тоа, Гугл (Google) се откажа од одредени обврски кои не се релевантни, практични или соодветни за своите услуги, вклучувајќи ги сите обврски според поглавјата за политичко рекламирање и за проверка на факти“ (Google, 2025). Една од засегнатите страни што истакнува колку ризична може да е оваа ограничена усогласеност е Европската мрежа за стандарди за проверка на факти (ЕМСПФ/EFCSN): „ЕМСПФ останува загрижена што големите платформи воопшто не го потпишаа Кодексот, додека другите големи технолошки компании се повлекоа од важните обврски за заштита на европските граѓани од погрешни информации и дезинформации. Обврзувањето кон само неколку обврски што платформите лесно ги исполнуваат не е доволно во борбата за интегритет на информациите, бидејќи, како што се наведува во мислењето на Европската комисија, ‘Кодексот претставува збир на меѓусебно поврзани обврски што се поддржуваат едни со други и затоа е најефикасен кога е целосно спроведен од потписниците’“ (ЕМСПФ, 2025).

Заштитата од манипулативни и измамнички практики на рекламирање, кои понекогаш може да се злоупотребат и од странски чинители, беше повторена со **Регулативата 2024/900 за транспарентност и целење на политичкото рекламирање**. Во неа се нагласува дека „профилирањето на однесувањето и другите техники на анализа сè повеќе се користат за насочување на политички пораки кон групи или кон индивидуални гласачи или поединци и за засилување на нивното влијание“. Не само што техниките за обработка на податоци што го овозможуваат овој облик на целење се штетни за основните права и слободи на граѓаните туку и практиката на рекламирање „негативно влијае врз демократскиот процес бидејќи води до фрагментација на јавната дебата за важни општествени прашања, селективен досег и, на крајот, манипулација на електоратот. Исто така, го зголемува ризикот од ширење на манипулација со информации и странско

мешање“. Во оваа регулатива особено е значаен член 5, бидејќи ги ограничува можностите на странските чинители да емитуваат рекламирање поврзано со темите за избори и референдуми, за време на периодите на кампањата.

Покрај тоа, соодветни пристапи може да се најдат во **Законот за вештачка интелигенција** (иако неговиот фокус на вештачка интелигенција со висок ризик е значително различен од технологиите што се користат за овозможување операции на странско мешање и манипулирање со информации (СММИ)) и **Законот за дигитални пазари** (бидејќи влијае на работењето на големите технолошки компании, а, на пример, наметнатата интероперабилност би можела да ја наруши пазарната моќ на платформите што во моментов ги засилуваат дезинформациите).

Покрај технолошката регулатива, обврските на платформите се споменуваат и во контекст на политиките на ЕУ за слобода на медиумите. **Европскиот закон за слобода на медиумите** (ЕЗСМ/EMFA) ги смета квалитетните медиуми за „противотров на дезинформациите и странското мешање и манипулирање со информации“. Како такви, не само што владите треба да ги заштитат независните медиумски субјекти туку и онлајн платформите имаат обврска да го поттикнат споделувањето доверлива содржина во медиумите. Всушност, дезинформациите и странското манипулирање со информации се сметаат за ризици за медиумскиот плурализам и слободата на медиумите и како такви, ЕЗСМ препорачува при спроведувањето на надзор од страна на властите и граѓанското општество, при проценување на ризиците за здравјето на медиумската средина да ги земат предвид и нив (член 26). Покрај тоа, ЕЗСМ е применлив кога станува збор за приоретизирање на доверлива содржина. Член 18 за содржината на давателите на медиумски услуги на многу големи онлајн платформи опишува под кои услови информативните медиуми можат да имаат повластен третман меѓу медиумските куќи. Сепак, овој повластен третман е критикуван од граѓанското општество и проверувачите на факти бидејќи лесно може да се злоупотреби. На пример, медиумите регулирани од партиски или заробени регулатори не би можеле да се исклучат од таква шема. Со оглед на експанзијата на унгарските медиуми во Северна Македонија, ова може да претставува ризик и во специфичниот контекст на земјата. Структурираниот дијалог, според член 19, го следи ова прашање и обезбедува дополнителни можности за справување со странското мешање и манипулирање со информации (СММИ). Тој пропишува дека новоформираниот Европски одбор за медиумски услуги „редовно ќе организира структуриран дијалог помеѓу давателите на многу големи онлајн платформи, претставниците на давателите на медиумски услуги и претставниците на граѓанското општество со цел: [...] да го следи почитувањето на саморегулаторните иницијативи кои имаат за цел да ги заштитат корисниците од штетна содржина, вклучувајќи дезинформации и странско мешање и манипулирање со информации“. Иако не е специфично наменет за платформи, член 17 за „Координација на мерките за медиумските услуги што доаѓаат надвор од Унијата“ дава можност за соодветно решавање на загриженоста за давателите на медиумски услуги надвор од ЕУ кои можат да шират дезинформации, како што е случајот со контроверзните санкции против *РТ*, *Спутник* и други медиуми со руско потекло.

Освен регулацијата и саморегулацијата, постојат и голем број помеки пристапи на ниво на ЕУ, како што се грантови за независни медиуми, активности за медиумска писменост, истражување, разузнавање со користење отворени податоци и проверка на факти.

Овие пристапи може да се најдат и во проекти на ЕУ насочени кон кандидати и земји кои не се членки на ЕУ. Меѓу другото, ЕУ го овозможи создавањето на Европската мрежа за стандарди за проверка на факти (ЕМСПФ/EFCSN) за да се воведат високи стандарди во проверката на фактите и да се поттикне прекуграничната соработка и размена на искуства меѓу проверувачите на факти. Во Северна Македонија, *Вистиномер/Метаморфозис Фондацијата* е верификуван член на мрежата од 2023 година (како и потписник на Меѓународната мрежа за проверка на факти).

НА КОЈ НАЧИН ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ И ЗЕМЈИТЕ КАНДИДАТИ ТРЕБА ДА ГИ СПРОВЕДАТ МЕРКИТЕ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО СТРАНСКОТО МЕШАЊЕ И МАНИПУЛИРАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ (СММИ)?

Институциите на ЕУ се клучни актери во креирањето политики против дезинформациите, бидејќи ЕУ сака земјите да се обединат кога станува збор за закани што можат да влијаат врз сите членови на европската заедница. Во денешна Европа каде што не само луѓето и стоките туку и информациите треба слободно да патуваат преку границите, неактивноста на една земја може да се претвори во ранливост на другите. Во оваа средина, одредени национални закони се заменуваат со регулативата на ЕУ, како што е случајот со регулативата за платформи – при што германскиот Нец ДГ/NetzDG е одличен пример. Кандидатите за ЕУ треба да осигурат да ги транспонираат релевантните одредби од Законот за дигитални услуги и ЕЗСМ (EMFA) и да проценат дали платформите што работат на нивна територија ги исполнуваат нивните обврски според Кодексот на однесување во борбата против дезинформации. При примена на регулативата на ЕУ во поединечни земји, владите не треба да сметаат дека сите регулативи на ЕУ може автоматски да се спроведат, бидејќи тие имаат многу составни делови што треба да се приспособат на локалната ситуација. Покрај тоа, можеби ќе бидат потребни дополнителни мерки на национално ниво што ќе се справат со карактеристичните проблеми и ранливости на самите земји, со цел да се осигури дека граѓаните имаат пристап до безбедна, сигурна и висококвалитетна информативна сфера.

Во интерес на корисни насоки на креаторите на политики, можеме да ги разгледаме четирите критериуми на Епстајн (2020) за ефикасно регулирање на дезинформациите: дејството 1) треба да ги одржува несаканите ефекти (штетата) минимални, 2) треба да биде пропорционално на заканата, 3) да може да се приспособи на промените во технологијата и 4) да биде одредено од независни агенции.

1) Несаканите ефекти се постојано дел од дискусијата при креирањето на европските политики, особено потенцијалот на политиките против дезинформации кои ја потиснуваат слободата на говорот. Во многу земји, предложените закони не беа донесени токму поради оваа загриженост. Во случајот со германскиот закон што се однесува на платформите, Нец ДГ/Netz DG, локалните засегнати страни проценија дека очекуваниот ефект на ограничување од законот не се случил, но сепак, сè уште се појавува определена загриженост. На пример, неодамнешно истражување покажа дека отстранувањето на легални

онлајн содржини е големо во Германија, но и во други земји од ЕУ (Иднината на слободата на говорот, 2024). Случајот со амандманот на Унгарија кон одредбата од Кривичниот законик за ширење паника, во исто време, е пример за политика која е намерно изработена на начин што може да се користи против законски комуникации, со можност да вклучува новинари кои покриваат прашања од јавно значење. Друг пример за унгарски мерки што може да е причина за загриженост е Законот за заштита на суверенитетот, кој им дава можност на властите да поднесуваат тужби против граѓанското општество и медиумите кои се критични кон владините активности.[11]

Претходно споменатите непожелни ефекти се, всушност, тесно поврзани со 2) пропорционалноста на мерките. Мерките преземени против дезинформациите често може да се сметаат за мешање во слободата на изразување – бидејќи комуникаторите може да се спречени ефикасно да ги пренесат своите пораки до публиката или може да се казнети за нешто што не е нужно нелегално. Особено употребата на кривичното право може да е проблематична.

3) Тешко е да се следи чекор со промените во технологијата – ниту мерките екс пост, ниту регулативата на платформите не може да реагираат толку брзо колку што би сакале креаторите на политики. Соработката со технолошките компании може да е корисна во оваа работа, но на ниво на поединечна земја вообичаено ова не се споменува во политичкиот дискурс (сепак, Кодексот на практика против дезинформации и Законот за дигитални услуги осигурија дека платформите бараат можности за соработка со некои национални чинители, особено организации за проверка на факти). Дури и со поактивна јавно-приватна соработка, можеме да очекуваме дека ширителите на дезинформации ќе продолжат да наоѓаат нови канали и нови формати, но, од друга страна, отпорна база на корисници може да издржи дури и неочекувани закани ако им се дадат потребните вештини за медиумска и информациска писменост.

За да се постигне ова, работата на стручните лица е непроценлива. Ова исто така значи дека 4) потребни се независни и разновидни чинители со цел ова знаење да се стекнува и да се применува во процесот на креирање политики. Всушност, може да се забележат значителни слабости во земјите каде што креирањето политики е политизирано, а довербата во институциите е ограничена.

Вклученоста на разновидни и независни чинители значи повеќе одошто само институции (регулатори на медиуми, изборни комисии, образовни институции), тоа подразбира и силна вклученост на граѓанското општество и на приватниот сектор. Всушност, претставниците на граѓанското општество и на медиумите дадоа значаен придонес во преземените мерки за справување со дезинформациите во повеќето земји од ЕУ. Нивните мерки се важни дополнувања на јавните политики, дури и во земјите каде што креирањето политики против дезинформациите, генерално, се смета за силно. Уште повеќе,

[11] Законот за заштита на суверенитетот ги дефинира задачите на новоформираната Канцеларија за заштита на суверенитетот, што вклучува откривање активности за манипулација со информации и дезинформации, во случаи кога тие можат да го нарушат или да го загрозат суверенитетот на Унгарија. Начелно, ова овластување дозволува дејствување против операции на странско влијание што потекнуваат од земји што се сметаат за закана за безбедноста на Европа, но формулацијата на законот имплицира дека Унгарската влада го гледа предизвикот дека потекнува од сојузниците, како што се Соединетите Американски Држави (видете Bleyer-Simon et al., 2024). Венецијанската комисија (2024) смета дека законот претставува сериозен ризик од задушување на гласовите што се критички настроени кон владата.

активностите на овие чинители се фокусираат на зајакнување на општествената отпорност, наместо да ги целат преносителите на пораки и, како такви, помала е веројатноста да се сметаат за закана за слободата на изразување.

Во некои земји може да се види дека јавните средства се ставени на располагање на чинителите на граѓанското општество кои работат на дезинформации – сепак, постојат знаци дека обемот на ова финансирање не е доволен. Понатамошна поддршка е обезбедена од Европската комисија (преку ЕОДМ и наменски грантови), како и други организации кои даваат грантови. Низ годините, многу препораки ја нагласуваа потребата од поддршка на квалитетни медиуми – почнувајќи од препораките на Експертската група од висок профил за дезинформации и лажни вести сè до извештајот на Ирската комисија за иднината на медиумите и Белгиската експертска група за лажни вести и дезинформации – но, досега, информативните медиуми играат маргинална улога во политиките за дезинформации.[12] Минатите истражувања, исто така, покажуваат дека силните јавни сервиси може да се добар „лек“ против манипулациите со информациите (Humprecht et al. 2020). Може да се види дека многу јавни сервиси се обврзани да ја поттикнуваат медиумската писменост – делумно затоа што Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги ја нагласува потребата земјите членки да ја поттикнуваат медиумската писменост. Истовремено, јавните сервиси во Европа честопати се недоволно финансирани (или во некои земји се заробени од групи од интерес) и може да имаат тешкотии кога станува збор за досег до одредена демографска група – особено младите луѓе.

Иако може да има одредено несогласување околу тоа кои политички пристапи се најуспешни (а пристапите може да се разликуваат од земја до земја), поседувањето јасна стратегија, широка коалиција на чинители и широк спектар на достапни алатки за спроведување на политиките е веројатно најодржливиот долгорочен пристап. Некои земји веќе ја разбраа потребата од сеопфатна стратегија за координација помеѓу различни чинители и домени на политиката – ова е на пример случајот во Германија, Франција и Финска. Во Ирска, потребата од сеопфатна стратегија е нагласена во документите за јавни политики, но таа сè уште не може да се манифестира, делумно затоа што имаше сериозно несогласување за поддршката на дејства што ги ограничуваат инаку законските комуникации. Комплексната закана, како што е странското мешање и манипулирање со информации (СММИ), бара пристап на вклучување на целото општество за справување со нив – вклучувајќи ги владините тела, безбедносниот апарат, медиумите и граѓанското општество. По можност, силната стратегија опфаќа многу различни аспекти, вклучувајќи ја националната безбедност, интегритетот на изборите, а особено градењето на општествена отпорност. Таа може да вклучува низа дејства иницирани од јавните власти, како што се воспоставување силна регулаторна рамка, водење кампањи за подигнување на свеста, обезбедување финансии (исто така гарантирајќи ја независноста на финансираните активности), воспоставување комуникациски канали со платформи, поттикнување соработка меѓу властите или другите засегнати страни и многу други иницијативи.

[12] Бејтман и Џексон (2024) сметаат дека најефикасните мерки се оние што имаат за цел да ја поддржат медиумската писменост и да го поддржат локалното новинарство, како и оние што се способни да ги променат алгоритмите за препораки на онлајн платформите.

ЕУ донесе Стратегиски компас во март 2022 година со цел зајакнување на безбедносната и одбранбената политика на блокот до 2030 година. Еден од аспектите е каталог на алатки за справување и одговор на операциите на странското мешање и манипулирање со информации (СММИ). Таканаречениот **„пакет алатки"** за откривање и справување со странско мешање и манипулирање со информации (анг. FIMI Toolbox) ја нагласува потребата од подобрување на свеста за ситуацијата (меѓу другото преку следење и откривање, системско собирање докази, разузнавање со користење отворени извори – ОСИНТ/OSINT [Open Source Inteligence] – истраги и споделување информации), градење отпорност (како што се стратегиски комуникации, систем за брзо предупредување и градење капацитети), „нарушување и регулирање" (се однесува на закони и политики насочени кон спречување и одвраќање или одговор на напади на странско мешање и манипулирање со информации [СММИ], вклучувајќи мерки за транспарентност), како и дипломатски одговори (како што се меѓународна соработка или санкции врз давателите на медиумски услуги). Исто така, важно е земјите во Европа (не само членките на ЕУ) да обрнат големо внимание на активностите на Европска служба за надворешно дејствување (ЕСНД/EAAS) поврзани со странското мешање и манипулирање со информации (СММИ).[13] Во својата работа за следење и справување со странското мешање и манипулирање со информации (СММИ), таа се фокусира особено на обидите што потекнуваат од Русија и Кина. Веб-страницата EUvsDisinfo нуди содржини чија цел е да се подигне свеста за напорите на Кремљ за манипулација со информации, додека стратегијата на Кина е опишана во трудот *„ЕУ – Кина: Стратегиски преглед".* Бидејќи странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) е дел од хибридното војување, ЕСНД, исто така, придонесува со својата стручност во цивилните и во воените мисии на ЕУ (ЗБОП). Преку своите дипломатски активности, управува со Систем за брзо предупредување, управува со проширени рамки со членовите на НАТО и Г7 и учествува во воведување на санкции. 3-те извештаи за закани на ЕСНД (ЕСНД 2023, 2024 и 2025) изнесуваат сознанија од земјите членки на ЕУ, како и од голем број земји партнери, но недостатокот од разложени податоци сè уште не ни дозволува да извлечеме многу информации специфични за земјите од Југоисточна Европа.

Земјите што ги градат своите одбранбени механизми против странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) треба да спроведат темелна процена на потребите и капацитетите на земјата, како и на обемот на проблемот со дезинформациите, имајќи предвид дека не постои универзално решение и дека секоја земја е различна кога станува збор за отпорноста на општеството и степенот до кој е цел на дезинформациите. Тие исто така треба да изградат капацитет за соодветно следење на ефикасноста на локалните политики. Мерките не може да се едноставно реактивни, туку треба да се нагласи градењето отпорност (што вклучува медиумска писменост, граѓанско образование, поттикнување доверба во општеството, јакнење на кредибилните медиуми, овозможување независност на јавниот медиумски сервис). Со оглед на прекугранична-

[13] За подетален опис, видете: https://www.eeas.europa.eu/eeas/information-integrity-and-countering-foreign-information-manipulation-interference-fimi_en

та природа на феноменот, земјите треба да ги разгледаат опциите за синергии со други земји во Европа и пошироко – ова може да се случи билатерално, но и под капата на меѓународни организации. Во ЕУ, примери за вакви проекти се Центарот за извонредност за стратегиски комуникации на НАТО со седиште во Рига, Експертската група на ОЕЦД за владини одговори на погрешни информации и дезинформации, како и Лабораторијата за дигитални форензички истражувања (ЛДФИ/DFRLAB) на Атлантскиот совет. Покрај тоа, центрите на ЕОДМ се активни во сите земји од ЕУ. Исто така, постојат случаи во кои странски влади (како што се Соединетите Американски Држави) или меѓународни организации (како што е УНИЦЕФ) придонесуваат преку развивање или финансирање проекти за медиумска писменост и проверка на факти или поширок активности против дезинформации.

КАКВА Е УЛОГАТА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ЧИНИТЕЛИ ВО ОВОЗМОЖУВАЊЕТО ЈАВНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ВО ДИГИТАЛНИОТ ПРОСТОР?

Активностите на мапирање, како што се на пример информативните брошури (*factsheets*) на *EU Disinfo Lab* (2023), покажуваат дека политичките партии често се меѓу изворите на дезинформации – владејачката партија на Унгарија со многу свои сојузници е еден од главните примери.[14] Во Малта, јавната истрага, која имаше за цел да утврди дали и во колкава мера државата е одговорна за околностите што доведоа до атентатот врз Дафне Каруана Галиција, откри докази за државно оркестрирана кампања насочена кон дехуманизирање и дискредитација на Каруана Галиција, што придонесе за создавање услови на непријателство, што пак го овозможи нејзиното убиство (Фондација Дафне Каруана Галиција, 2021). Унгарскиот пример покажува дека посредниците на државата, како што се групите на инфлуенсери, исто така може да играат улога во засилувањето на лажните наративи во корист на државните чинители (HDMO, 2024). Во други земји членки на ЕУ, доказите покажуваат дека крајно десничарските и популистичките партии шират лажни наративи. Примери се Словенечката демократска партија, Партијата на слободата на Австрија (Schäfer, 2023) и Чега во Португалија (Pardal, 2023) – но до одреден степен сите земји членки и кандидати на ЕУ се соочуваат со дезинформации што потекнуваат од одредени политичари, дури и ако се само маргинални. Според анализата на *EU DisinfoLab*, првите разоткриени наративи за време на француските претседателски избори во 2022 година, исто така, дојдоа од политичари (Hénin, 2022).

Со оглед дека повеќето обиди за странско мешање и манипулирање со информации (СММИ) се однесуваат на мешање во политичките процеси, вклучително и изборите (директно или индиректно), дестабилизирање на ЕУ и на нејзините членки или кандидати или помагање во изборот на политичари кои би можеле да поттикнат странски интере-

[14] За случаи кога дезинформациите може да потекнуваат од политичари, па дури и од владејачката партија или државните институции, видете ги соодветните поглавја од Ечеверија, Гарсија Сантамарија и Халин (2025).

си, локалните политичари може – дури и ненамерно – да станат засилувачи на странски дезинформации. Особено партиите што се симпатизери на наративот на Кремљ можат да се најдат себеси како поддржуваат измислени наративи што потекнуваат од странство (видете Nestoras, 2019).

Во овој контекст, задача на политичарите е конструктивно да работат на контрамерки. Пратениците од Собранието треба да го стават странското мешање и манипулирање со информации (СММИ), дезинформациите и зајакнувањето на отпорноста на информациите на политичката или на законодавната агенда. Покрај тоа, политичарите – без разлика дали се на функција или се кандидираат за истата – треба да се воздржат од создавање дезинформации или репродуцирање наративи што содржат странско мешање и манипулирање со информации (СММИ), дури и ако тоа – краткорочно – би им користело. Наместо тоа, за да пренесат позитивни пораки, тие треба да градат коалиции со граѓанското општество и да воспостават транспарентни комуникациски стратегии и работни односи со медиумите – на начин што ја почитува независноста и на граѓанското општество и на медиумите.

КАКО МЕДИУМСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ МОЖАТ ДА ЈА ПОДОБРАТ ОТПОРНОСТА НА СТРАНСКОТО МЕШАЊЕ И МАНИПУЛИРАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ (СММИ) ВО РАМКИТЕ НА ПОСТОЈНАТА РЕГУЛАТОРНА РАМКА?

Според Никодиноска и Чаусидис (2025), медиумскиот систем во Северна Македонија се соочува со бројни предизвици, како што се слабиот медиумски пазар и неефикасната регулатива. Важно е да се одговори на овие предизвици, бидејќи независните медиуми може да дадат ефикасни лекови за дезинформации и странско манипулирање со информации. Силните јавни медиумски сервис се особено нагласени во литературата, како клучен фактор за отпорноста на општествата на дезинформации (видете Humprecht et al. 2020). Јавните медиумски сервиси, општо земено, дејствуваат како доверлив извор на информации за општеството. Но, во многу случаи, тие имаат наменски задачи, како што е унапредувањето на медиумската писменост или водењето сопствени проекти за проверка на факти, како што се белгискиот франкофонски јавен радиодифузен сервис *РТБФ* (Проектот за проверка на лажни факти) или фламанскиот јавен радиодифузен сервис *ВРТ.* Во Полска, проектот *Ловци на лажното (FakeHunters)* го води друга јавна институција, Полската агенција за печат. Слично на тоа, независните приватни медиуми може да се значајно средство за одговор на информативните предизвици, со тоа што ги повикуваат владата и институциите на одговорност и му помагаат на општеството да го разбере светот, како и да носи информирани одлуки за прашања од јавниот живот.

Јавните и приватните информативни медиуми се регулирани и со регулатива (барем во случајот на радиодифузните медиуми) и со саморегулација, што им дава одредени рамки на медиумските куќи како да се справуваат и да ги проверуваат фактите. Ефективноста на саморегулаторните кодекси и новинарските здруженија се разликува во различни земји, бидејќи етичките кодекси не се правно обврзувачки – но одредени

контролни механизми може да го олеснат нивното спроведување. Еден од влијателните документи е Германскиот кодекс за печат од страна на Германскиот совет за печат (Deutscher Presserat), кој се однесува и на печатените и на онлајн медиумите. Во Белгија, франкофонското етичко тело – Советот на етичко новинарство (Conseil de déontologie journalitique) издаде одлуки за алтернативни медиумски куќи кои го прекршувале етичкиот кодекс (EDMO Belux, 2023), покажувајќи дека саморегулаторните инструменти може да се приспособат на новата медиумска средина. Иако саморегулацијата во повеќето случаи е доброволна, а етичките тела немаат законска надлежност или јавна власт, постојат земји каде што нивните одлуки се внимателно следени и почитувани. Во Грција, Собранието ратификуваше закон во декември 2022 година за основање Специјален комитет задолжен за надгледување на усогласеноста на онлајн медиумите со „новинарската етика". Медиумите коишто не ја почитуваат новинарската етика може да ги изгубат државните средства за рекламирање – клучниот извор на приходи за медиумите во Грција – до две години (Dimitriadis, 2023). Во Кипар, Кодексот на однесување на новинарите вклучува посебни одредби концентрирани на погрешни информации и дезинформации: „Довербата во медиумите и новинарите е врвна вредност на новинарството. Погрешните информации/дезинформации, лажните вести што може да се шират преку медиумите или социјалните медиуми се штетни и опасни феномени за демократијата и слободата на печатот. Затоа, секое вклучување на медиумите или новинарите во ширењето лажни вести или погрешни информации/дезинформации е неприфатливо."[15] Комитетот за новинарска етика на Кипар нема овластување да изрекува казни или да доделува надоместоци. Сепак, Комитетот може да истражува тврдења за прекршувања или закани за слободата на печатот, или самостојно или како одговор на жалби. Вклучените страни имаат можност да ги претстават своите ставови. Доколку Комитетот утврди прекршување или закана, ги објавува своите наоди, што води до етичко задоволство, а не до правна пресуда за оние обвинети за ширење дезинформации. Одлуките и наодите на Комитетот се објавуваат јавно.[16]

Со оглед на тоа што информативните медиуми се соочуваат со криза последните две децении, којашто не само што ги остави финансиски ранливи и честопати неспособни да спроведуваат скапи истраги туку и значително ја еродираше довербата во медиумите, не е доволно медиумите само да ја следат саморегулацијата – тие треба да ја обноват довербата и да допрат до младите генерации. За ова би било потребно да работат потранспарентно, да ги зајакнат методите на истражување и да ги ревидираат своите етички кодекси – можен пример е кодексот на организациите за проверка на факти во рамките на ЕМСПФ (EFCSN), кој беше создаден како одговор на сегашното опкружување на „поствистина".

За да можат медиумите долгорочно да ѝ служат на публиката, важно е да се справат и со системските слабости на нивните оперативни модели. Треба да бараат одржливи извори на приходи, вклучително и нови приходи од публиката, како и да почнат дискусии со креаторите на политиките за можностите и условите за јавно финансирање. Тие исто

[15] Новинарски кодекс 2022. https://cmec.com.cy/en/journalists-code-of-conduct/journal-code-2022/#item-2
[16] Одлуки. https://cmec.com.cy/en/rulings/

така треба да престанат да се потпираат на одредени стратегии кои ветуваат краткорочни придобивки, но долгорочно ја еродираат довербата и дополнително ја намалуваат профитабилноста – како што се низок квалитет, кликомамци и сензационалистичка содржина. Наместо тоа, треба да дадат приоритет на содржината што има јавна вредност. За долгорочниот успех, исто така, потребно е експериментирање со нови методи за досег до публиката и нови формати за претставување на содржината. Новинарите во 2020-тите треба да се интерактивни и иновативни. Покрај тоа, развојот на настаните од последните години покажува дека новинарството може да се стреми само ако се ослободи од зависноста од Фејсбук/Тикток/Јутјуб (Facebook/TikTok/YouTube) – бидејќи платформите создаваат бескрупулозна конкуренција што го оневозможува долгорочното планирање.

КОИ СЕ НАЈДОБРИТЕ ПРАКТИКИ ВО РАМКИТЕ НА ЕУ И ДАЛИ ТИЕ МОЖАТ ДА СЕ ПРИМЕНАТ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН?

Според студијата на „Метаморфозис“ (Тројачанец и Ризаов, 2024), Северна Македонија нема кохерентен одговор на странското мешање и манипулирање со информации (СММИ), а нејзината стратегија за кибербезбедност е ограничена, што влијае на меѓуетничките односи во земјата. Во 2019 година беше објавен Планот за одлучна акција против ширењето дезинформации, по што следеше Стратегијата за градење отпорност и справување со хибридни закани во 2021 година. Панковски и Речица (2022) по донесувањето на стратегијата истакнаа дека на клучните институции им недостасуваат подготвеност и стимулации за соодветно справување со дезинформациите и странското мешање и манипулирање со информации (СММИ). Тројачанец и Ризаов (2024) додаваат дека „слабиот медиумски професионализам и политичките превирања“ го зголемуваат проблемот. Во трудот се споменува дека единственото од петте парламентарни тела што преземаат значајни мерки против странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) е Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието.

Во јануари 2025 година, новата Македонска влада ја донесе Националната стратегија за кибербезбедност 2025 – 2028. Приоритетната област 3 за киберотпорно општество во Специфичната цел 1 ја нагласува потребата од „[п]одигнување на свеста за кибербезбедноста и дезинформациите во киберпросторот“ – засега нема студии што ја проценуваат нејзината ефикасност. Член 394-г од Кривичниот законик се однесува на ширењето говор на омраза на интернет, со можна казна од една до десет години затвор.[17] Вујиќ (2024) споменува дека слабите механизми во Северна Македонија би можеле да го ограничат спроведувањето на Законот за дигитални услуги. Земјата, исто како и некои од нејзините соседи, има недоволно финансирани регулаторни тела и застарена инфраструктура. Северна Македонија не е дел од дигиталниот простор на ЕУ, за да има лока-

[17] Кривичен законик на Северна Македонија. https://legislationline.org/sites/default/files/2023-09/criminal%20code%20of%20Macedonia.pdf

лен координатор за дигитални услуги кој ќе помага во спроведувањето на Законот за дигитални услуги. Кога се разгледува како да се зајакне нејзината отпорност кон странското мешање и манипулирање со информации (СММИ), Северна Македонија може да ги погледне примерите на другите земји, особено оние од ЕУ, кои експериментираат со низа пристапи за справување со информативните предизвици – искуството на ЕУ, исто така, покажува кои пристапи треба да се избегнуваат, бидејќи некои мерки се покажаа како неефикасни или штетни за човековите права и како такви не може да бидат дел од добар одговор. Европското искуство покажува дека најважните мерки се фокусираат на градење отпорност – како што се медиумската писменост, образованието и силните и кредибилни медиуми. Исто така, може да се види дека успешните земји имаат сеопфатни стратегии што вклучуваат повеќе министерства/одделенија, кои постојано соработуваат и координираат.

Покрај европскиот пристап кон регулирањето на дезинформациите и креирањето политики, сите земји членки на ЕУ имаат национални мерки за справување со дезинформациите на национално ниво. Нордиските земји, вклучувајќи ги и трите балтички држави, ја нагласуваат медиумската писменост за да ја зајакнат отпорноста на општеството – Естонија и Финска особено се истакнуваат во оваа област – но исто така преземаат значајни чекори за справување со странско манипулирање со информации со стратегии за кибербезбедност. И покрај ова, сепак може да има предизвици во иднина, поради големите јазични модели и вештачката интелигенција – што може значително да го промени начинот на кој се создава и се восприма содржината. Меѓународната соработка, исто така, игра важна улога: покрај обврските преземени кон Акцискиот план за демократија на ЕУ и потпирањето на алатките на политиката на ЕУ, некои земји ги водеа своите меѓународни иницијативи. Балтичките земји, на пример, одиграа важна улога во воспоставувањето на Работната група Источен Стратком и Центарот за извонредност на НАТО Стратком. За земјите што граничат со Русија, Белорусија или Украина, поголема е веројатноста дека презеле мерки за блокирање на одредени даватели на странски содржини кои редовно објавуваат пропаганда или дезинформации. Нелегалните пристапи за дезинформациите, генерално, се почести во ЕУ отколку легалните пристапи. Има многу предложени закони кои на крајот не поминаа или поради остра критика, промени во владата, промена на приоритетите или општ недостаток на интерес. Во одредени случаи, меките мерки, стратегиските документи или препораките не доведоа до дејствија.

Многу земји имаат одредби од кривичното право што можат да се применат на објавувачите на дезинформации – ова може да се статии што се однесуваат на клевета, навреда, закани за јавниот ред. Исто така, постојат мерки насочени кон чинители кои имаат за цел да влијаат врз изборите со лажни информации. Малта, Кипар и Грција дури и споменуваат „лажни вести“ во нивните кривични закони. Член 285 од Кривичниот законик на Литванија се однесува на лажни информации за „непосредна опасност или сериозна катастрофа за јавноста или објект од национално значење“. Некои одредби од кривичното право се насочени конкретно кон странски закани. На пример, во Данска, влијанието врз донесувањето одлуки и јавното мислење во име на странски чинители е забрането според Законот за странско влијание и според член 108 од Кривичниот законик (Simonsen, 2024). Кривичниот законик, исто така, забранува пропаганда насочена кон помагање на непријателот за време на војна или окупација. Сепак, пристапите на кривичното право се

сметаат за контроверзни, бидејќи може да имаат ограничувачки ефект врз слободата на изразување и може да се применат само во најфлагрантните случаи на дезинформации (и ако издавачот е познат), но не може значително да ги ублажат проблемите поврзани со брзото ширење лажни наративи и теории на заговор. Во неколку земји, предложените закони за казнување на ширителите на дезинформации беа жестоко критикувани и не можеа да се донесат. Германија и Франција се двете земји кои се добро познати по своите закони фокусирани на онлајн платформите – други земји, како што се Италија и Бугарија, се обидоа да го следат овој пристап, но не можеа да донесат закони – загриженоста, и во овие случаи, честопати беше поврзана со слободата на изразување.

Со оглед на тоа што дезинформациите и странското мешање се сложени закани, кои влијаат на повеќе домени на политиката, голем број земји членки бараат начини да вклучат широк спектар на чинители и да ги координираат дејствата што ги преземаат. Според *Мониторот за медиумски плурализам* од 2024 година, Германија, Финска, Франција и Ирска може да се сметаат за едни од земјите што имаат силна стратегија за дезинформации, но координација може да се најде и во други земји. Во Ирска, извештајот на Комисијата за иднината на медиумите (објавен во 2022 година) заклучи дека е потребна координирана стратегија за земјата. Националната стратегија за борба против дезинформациите ја води Министерството за туризам, култура, уметност, Гелтахт, спорт и медиуми. Тоа основа работна група за развој на Националната стратегија за борба против дезинформациите, којашто е составена од претставници од индустријата, научната заедница, граѓанското општество и владините оддели. Иако сè уште нема опиплив резултат од оваа работа на ниво на политики, основањето на работната група означува прв чекор кон осмислување кохерентни и сеопфатни стратегии за дезинформации (Flynn, 2024: 27). Условите и препораките на групата ја истакнуваат потребата од иницијативи за медиумска писменост во насочен, комплексен владин пристап, потребата од сеопфатна процена на постојните алатки (национални и меѓународни најдобри практики) за борба против дезинформациите и справување со заканите што еволуираат, поддршката за иновации во проверката на фактите и истражувањето, како и придонесот кон долгорочната процена на политиките на ниво на ЕУ (Кодексот на практика против дезинформации и Законот за дигитални услуги). Во Германија, Сојузното министерство за внатрешни работи е задолжено да идентификува дезинформации, а одговорите се координирани од посебна работна група на Министерството. Образованието и зајакнувањето на отпорноста се задача на три владини тела: на Сојузното министерство за внатрешни работи, Сојузното министерство за семејни работи и Федералната агенција за граѓанско образование (Bundeszentrale für politische Bildung, BpB). Размената на информации се одвива под раководство на Сојузното министерство за надворешни работи и Сојузното министерство за одбрана.

Сите земји од ЕУ имаат организации за проверка на факти кои активно го следат информативното опкружување и ги разоткриваат наративите со дезинформации. Некои од нив соработуваат и со онлајн платформи како локални проверувачи на факти од трети страни. Меѓутоа, нивното финансирање во повеќето случаи е чувствително. Еден од изворите на приходи е Европската комисија преку Европската опсерваторија за дигитални медиуми и наменските програми за грантови. Во многу земји, медиумите од јавниот сервис имаат свои програми за проверка на факти, но поддршка за приватни проекти за

проверка на факти постои само во неколку земји, како што е Хрватска, каде што Агенцијата за електронски медиуми објави јавен повик во 2023 година за распределба на грантови за воспоставување независна мрежа на проверувачи на факти. Одредени новински медиуми во земјите членки, исто така, имаат наменски програми за справување со дезинформациите. Медиумската писменост во повеќето земји од ЕУ е вклучена во националната образовна програма, меѓутоа, според збирката податоци од *Мониторот за медиумски плурализам* за 2024 година, има случаи во кои достапноста или квалитетот на курсевите за медиумска писменост се несоодветни, а нивниот фокус не е секогаш отпорноста на општеството на дезинформации (Центар за медиумски плурализам и слобода на медиумите, 2024).

За земјите од Југоисточна Европа, ниедна членка на ЕУ не може да се смета за јасен модел, но постојат најдобри практики низ целиот блок. Белгија и Португалија, на пример, се земји каде што робусни структурни основи придонесуваат за отпорност во општеството, и покрај недостатокот на насочено креирање политики против дезинформациите. Слично на тоа, Финска е добро подготвена за предизвици во информатичката сфера, но во овој случај, насочените мерки ја зајакнуваат отпорноста. Земјите членки на ЕУ што се приклучија во 2000-тите, особено Бугарија и Романија, се во полоша позиција од повеќето стари членки на ЕУ, бидејќи имаа помалку време да развијат ефикасни институции – ова влијае на нивните одговори на заканата од дезинформации. Заробувањето на државата и корупцијата, исто така, може да ја парализираат способноста на политичката заедница да создава ефикасни политики. Контекстуалните варијабли на Грција може да го покажат влијанието на долгата економска криза и мерките за штедење, додека во Унгарија, демократските дефицити доведоа до слабости во креирањето политики за дезинформации.

Заклучоци и препораки

ЗАКЛУЧОЦИ

Искуствата на европските земји покажуваат дека не постои универзален пристап, но голем број успешни политики може да се приспособат на контекстите на другите земји, по внимателна процена. Различните мерки треба да се проценат во контекст на постојното знаење, како и слепите точки, поврзани со феноменот на дезинформации и креирањето политики за дезинформации. Јунгхер, на пример, (2024: 10) нагласува дека аргументите за ефектот на дезинформациите „се шпекулативни и може да се претерани“, додека изворите на значителната ранливост или распространетост на дезинформациите, всушност, може да се поврзани со одредени општествени фактори, како што се нееднаквоста во општеството (видете Jungherr, 2024 & Kreiss, 2021) или ниското ниво на образование (како што е нагласено во *Индексот на медиумска писменост*, 2023), што може да доведе до поларизација во општеството и да го направи населението поранливо на заведувачка и измислена содржина, вклучително и онаа што ја шират странски чинители – некои од овие проблеми треба да се решат со социјални или образовни политики, одделно од дејствата против дезинформаците или против странското мешање и манипулирање со информации (СММИ).

Пристапите со строги закони остануваат дел од алатките, но нивното влијание е оспорено – и во некои случаи може да ја нарушат слободата на изразување. Многу кривични закони во Европа имаат одредби што може да се користат за справување со најфлагрантните облици на дезинформации – од кои многу претходат на тековниот фокус на политиката на дезинформации или како што некои ги нарекуваат „лажни вести“ – но ова се обично случаи што се преклопуваат со говор на омраза или видови измислени содржини што ги кршат личните права на поединците. Во некои од земјите, одредбите од кривичното право беа применети од страна на судовите против објавувачите на содржина со дезинформации што имаше висок потенцијал за нарушување на јавниот мир. Сепак, потпирањето на санкции од кривичното право може да е загрижувачко за слободата на

изразување (Ó Fathaigh et al., 2021) и може да има само ограничено влијание врз целокупното ширење на дезинформациите – на пример, Драгомир и др. (Dragomir et al., 2023) тврдат дека повремените казни што ги изрекуваат судовите не се доволно ефикасни за да ги дестимулираат оние што имаат за цел да објавуваат таква содржина. Покрај тоа, ваквите екс пост мерки немаат ефект врз странските чинители што објавуваат дезинформации (освен ако не дејствуваат преку локални полномошници). Слично на тоа, традиционалната регулација на медиумите (вклучувајќи ја и саморегулацијата) содржи многу одредби што може да придонесат за вистинитоста на објавените информации (без разлика дали станува збор за барања за лиценцирање за радиодифузерите или право на одговор) – сепак, повеќето од нив не може да се применат на бројните нови чинители што создаваат, шират и засилуваат содржина преку интернет. Информативната средина на интернет, исто така, ја ограничува ефикасноста на санкциите или забраните за одредени медиуми што шират пропаганди или дезинформации: членовите на онлајн публиката кои се навистина заинтересирани за тие медиуми (или се привлечени од забранетото овошје) лесно може да најдат начини за пристап до содржината – без разлика дали тоа е преку VPN-мрежи или канали за пораки.

Соработката меѓу агенциите е клучна. Имајќи предвид дека странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) и дезинформациите се сложени проблеми, кои бараат пристап на целото општество, одговорите треба да се координирани. Треба да се вклучат голем број области на политиката, од надворешната политика, внатрешните работи и националната безбедност до образованието. Властите треба да воспостават долгорочна стратегија, којашто се темели на регулативата на ЕУ, како што се Законот за дигитални услуги и ЕМФА, ја подобрува свеста за ситуацијата (следење и анализа на дезинформации, како и ефикасно споделување информации меѓу клучните чинители), како и е подготвена за брзи одговори и вклучува странски сојузници, како и локалното граѓанско општество и медиуми.

Градењето отпорност е клучно (видете Pollicino & Somaini, 2020). Отпорноста на општествените информации се дефинира како способност на општеството да создава системи за обезбедување доверливи информации, неговата подготвеност да ги поддржи институциите за знаење и неговото инвестирање во видовите информациска писменост што би им помогнале на луѓето да препознаат доверливи извори (Humprecht et al. 2020). Отпорноста може да е под влијание на нивоата на доверба во медиумите или степенот на политичка поларизација (видете Dragomir et al., 2024 и Humprecht et al., 2020) – и како што беше споменато претходно во овој текст, од нееднаквостите во општеството или квалитетот на образованието. Образованието во овој контекст треба да значи повеќе од само медиумско образование: вештините за критичко размислување, познавањето на природните науки, историјата и функционирањето на демократскиот поредок се значајни кога се соочуваме со измислени тврдења. Од моментално истакнатите мерки, проверката на факти и медиумската писменост може да се сметаат како придонес кон отпорноста на општеството. Ова е особено важно ако земеме предвид дека поединечните делови од дезинформации или „атомите на содржина“ (Wardle, 2023) се вклопуваат во поширок наративи што ги споделуваат цели заедници.

ПРЕПОРАКИ

До Владата:

- Дејствата против странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) треба да се врз основа на сеопфатна стратегија, изработена по темелна процена на капацитетите и ранливостите на земјата.
- Мерките не може да се едноставно реактивни, земјите треба да нагласат градење отпорност во општеството (што вклучува медиумска писменост, граѓанско образование, поттикнување доверба во општеството, зајакнување на доверливите медиуми, обезбедување доволно финансирање и осигурување на независноста на јавните медиуми).
- Разгледајте ги опциите за синергии со други земји – земете ги предвид регионалните партнери, но и меѓународните или мултилатералните организации и земјите кои веќе развиле силни одбранбени механизми. Посветете посебно внимание на пакетот алатки за странско мешање и манипулирање со информации (СММИ) на Европската Унија и активностите на Европска служба за надворешно дејствување.
- Вклучете го граѓанското општество и медиумите во процесот (вклучително и во начинот на донесување/спроведување регулативи) – разгледајте го државното финансирање на овие чинители на начин што нема да ја загрози нивната независност.
- Не ги сметајте сите регулативи за самоспроведувачки, тие исто така имаат составни делови што треба да се приспособат на локалната ситуација.
- Изградете капацитет за доволно следење на проблемот.
- Не заборавајте за можните несакани ефекти, како што е ограничувањето на слободата на изразување.
- Избегнувајте ги казнено-правните пристапи, колку што е можно повеќе.
- Создадете поволна средина за независните медиуми, што вклучува транспарентност, заштитни мерки за независност, како и можна државна поддршка. Во случајот на медиумите од јавниот сервис, треба да се гарантираат независни процедури за назначување, како и соодветни нивоа на финансирање.

До медиумите:

- Зајакнете ги новинарските здруженија и синдикати. Исто така, воспоставете (ако сè уште не постојат) совети за печат, со цел да се овозможи ефективна саморегулација што поттикнува квалитетно, независно производство на вести.
- Побарајте одржливи приливи на приходи и нови формати што може да помогнат за долгорочно функционирање како систем за надзор.
- Погледнете ги најдобрите практики, како оние што потекнуваат од европската заедница за проверка на факти.

До граѓанското општество и донаторите:

- Обезбедете обуки за новинарската заедница што ќе им помогнат на новинарите да утврдат и да се спротивстават на странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) и дезинформациите – вклучувајќи ги методите ОСИНТ, методологиите за проверка на факти и употребата на нови алатки.
- Нагласете ја проверката на факти, како и програмите за медиумска и информациска писменост – во вториот случај, фокусирајте се и на маргинализираните групи, јазичните малцинства и постарите граѓани, кои често се поранливи на странското мешање и манипулирање со информации (СММИ) и кампањи на дезинформации.

До политичарите:

- Посветете се на искрена комуникација и посочете доколку другите политичари или партии не успеваат да го сторат тоа, создадете клима на конструктивен дијалог со гласачите, граѓанското општество и медиумите (и почитувајте ја нивната независност).
- Поттикнувајте ја дискусијата за конструктивни пристапи кон интегритетот и отпорноста на информациите во процесот на креирање политики и законодавство.

До онлајн платформите:

- Со цел да се заштитат земјите од Југоисточна Европа од штетни манипулации со информации и странско манипулирање со информации, бараме од онлајн платформите да ги следат обврските од Кодексот на однесување во борбата против дезинформации. Меѓу другото, да ѝ овозможат на публиката да препознае и пријавува штетна содржина, да дејствуваат против неавтентични активности, да ги демонетизираат ширителите на дезинформации и тесно да соработуваат со заедницата за проверка на факти.

Користена литература

ПОЛИТИКИ

1. Зајакнат кодекс на практика против дезинформации од 2022 година. https://ec.europa.eu/newsroom/dae/redirection/document/87585

2. Закон за борба против манипулација со информации од 22 декември 2018 година (бр. 2018-1202) LOI n° 2018-1202 du 22 décembre 2018 relative à la lutte contre la manipulation de l'information (1). https://www.legifrance.gouv.fr/jorf/id/JORFTEXT000037847559

3. Акциски план против дезинформации – Заедничко соопштение до Европскиот парламент, Европскиот совет, Советот, Европскиот економски и социјален комитет и Комитетот на регионите. Акциски план против дезинформации. JOIN(2018) 36 final. https://commission.europa.eu/system/files/2018-12/eu-communication-disinformation-euco-05122018_en.pdf

4. Закон за вештачка интелигенција – Регулатива (ЕУ) 2024/1689 на Европскиот парламент и на Советот од 13 јуни 2024 година за утврдување на усогласени правила за вештачка интелигенција и изменување на Регулативите (ЕЗ) бр. 300/2008, (ЕУ) бр. 167/2013, (ЕУ) бр. 168/2013, (ЕУ) 2018/858, (ЕУ) 2018/1139 и (ЕУ) 2019/2144 и Директивите 2014/90/ЕУ, (ЕУ) 2016/797 и (ЕУ) 2020/1828 (Закон за вештачка интелигенција) (Текст со важност за ЕЕО). https://eur-lex.europa.eu/eli/reg/2024/1689/oj/eng

5. Директива за аудиовизуелни медиумски услуги – Директива (ЕУ) 2018/1808 на Европскиот парламент и на Советот од 14 ноември 2018 година за изменување на Директивата 2010/13/ЕУ за координација на одредени одредби утврдени со закон, регулатива или административна постапка во земјите членки за обезбедувањето аудиовизуелни медиумски услуги (Директива за аудиовизуелни медиумски услуги) со оглед на променливите пазарни реалности. PE/33/2018/REV/1. https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2018/1808/oj/eng

6. Совет на Европската Унија (2022). Регулатива на Советот (ЕУ) 2022/350 од 1 март 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 833/2014 за рестриктивните мерки во однос на дејствата на Русија што ја дестабилизираат ситуацијата во Украина. Преземено од https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=CELEX:32022R0350

7. Одлука на Советот (ЗНБП) 2022/351 од 1 март 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивните мерки во однос на дејствијата на Русија што ја дестабилизираат ситуацијата во Украина. https://eur-lex.europa.eu/eli/dec/2022/351/oj/eng

8. Акциски план за дигитално образование 2021 – 2027 – СООПШТЕНИЕ ОД КОМИСИЈАТА ДО ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ, СОВЕТОТ, ЕВРОПСКИОТ ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛЕН КОМИТЕТ И КОМИТЕТОТ НА РЕГИОНИТЕ Акциски план за дигитално образование 2021 – 2027 Ресетирање на образованието и обуката за дигиталното доба. КОМ/2020/624 конечна верзија. https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:52020DC0624

9. Закон за дигитални пазари. Регулатива (ЕУ) 2022/1925 на Европскиот парламент и на Советот од 14 септември 2022 година за спорни и правични пазари во дигиталниот сектор и за изменување на Директивите (ЕУ) 2019/1937 и (ЕУ) 2020/1828 (Закон за дигитални пазари) (Текст со важност за ЕЕО). PE/17/2022/REV/1. https://eur-lex.europa.eu/eli/reg/2022/1925/oj/eng

10. Закон за дигитални услуги. Регулатива (ЕУ) 2022/2065 за единствен пазар за дигитални услуги и за изменување на Директивата 2000/31/ЕЗ (Закон за дигитални услуги). https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32022R2065

11. Европски акциски план за демократија – СООПШТЕНИЕ ОД КОМИСИЈАТА ДО ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ, СОВЕТОТ, ЕВРОПСКИОТ ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛЕН КОМИТЕТ И КОМИТЕТОТ НА РЕГИОНИ За европскиот акциски план за демократија. КОМ/2020/790 конечна верзија. https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A52020DC0790

12. Европски закон за слобода на медиумите. Регулатива (ЕУ) 2024/1083 на Европскиот парламент и на Советот од 11 април 2024 година за воспоставување заедничка рамка за медиумски услуги на внатрешниот пазар и за изменување на Директивата 2010/13/ЕУ (Европски закон за слобода на медиумите) (Текст со важност за ЕЕО) PE/4/2024/REV/1. https://eur-lex.europa.eu/eli/reg/2024/1083/oj/eng

13. Закон за спроведување мрежа (NetzDG). Gesetz zur Verbesserung der Rechtsdurchsetzung in sozialen Netzwerken. https://www.gesetze-im-internet.de/netzdg/index.html

14. Регулатива (ЕУ) 2024/900 на Европскиот парламент и на Советот од 13 март 2024 година за транспарентност и целење на политичкото рекламирање (Текст со важност за ЕЕО). https://eur-lex.europa.eu/eli/reg/2024/900/oj/eng

15. Договор за функционирање на Европската Унија. Консолидирани верзии на Договорот за Европската Унија и Договорот за функционирање на Европската Унија. https://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/3c32722f-0136-4d8f-a03e-bfaf70d16349

КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ

1. Abbamonte, G. & Gori, P. (2023). European Union. In Pollicino, O. (ed). Freedom of Speech and the Regulation of Fake News. Intersentia, 129-164.

2. Alaphilippe, A. (2024). PAPERWALL: Chinese information operation targets Belgium and Luxembourg. *EU Disinfo Lab.* https://www.disinfo.eu/paperwall-chinese-information-operation-targets-belgium-and-luxembourg

3. Bateman, J & Jackson, D. (2024). Countering Disinformation Effectively. An Evidence-Based Policy Guide. *Carnegie Endowment for International Peace.* https://carnegieendowment.org/research/2024/01/countering-disinformation-effectively-an-evidence-based-policy-guide?lang=en&center=global

4. Bleyer-Simon, K., Polyák, G. & Urbán, Á. (2024). *Monitoring media pluralism in the digital era: application of the media pluralism monitor in the European member states and in candidate countries in 2023.* Country report: Hungary. European University Institute.

5. Bradford, A., (2019). *The Brussels Effect: How the European Union Rules the World*. New York, 2020; online edn, Oxford Academic, https://doi.org/10.1093/oso/9780190088583.001.0001.

6. Bryjka, F. & Legucka, A. (2021). Russian and Belarusian Disinformation and Propaganda in the Context of the Polish-Belarusian Border Crisis. *PISM.* https://pism.pl/publications/russian-and-belarusian-disinformation-and-propaganda-in-the-context-of-the-polish-belarusian-border-crisis

7. Centre for Media Pluralism and Media Freedom (2024). *Monitoring Media Pluralism in the Digital Era. Application of the Media Pluralism Monitor In the European Member States and in Candidate Countries in 2023.* Centre for Media Pluralism and Media Freedom. https://cadmus.eui.eu/handle/1814/77028

8. Checkfirst (2024). *Ads, Influence, and Democracy: Meta's Role in Romania's 2024 Presidential Election*. https://checkfirst.network/research-note-metas-role-in-romanias-2024-presidential-election/

9. Cipers, S. & Meyer, T. & Lefevere, J. (2023). Government responses to online disinformation unpacked. *Internet Policy Review,* 12(4). https://doi.org/10.14763/2023.4.1736 Checkfirst, 2024,

10. Claussen, V. (2018). Fighting hate speech and fake news. The Network Enforcement Act (NetzDG) in Germany in the context of European legislation. *Media Laws*, 3(3), 110-136.

11. Craufurd Smith, R. (2019). Fake news, French Law and democratic legitimacy: lessons for the United Kingdom?. *Journal of Media Law*, 11(1), 52-81.

12. Daphne Caruana Galizia Foundation (2021). *Courtesy translation of public inquiry report.* https://www.daphne.foundation/en/2021/11/20/public-inquiry-translation

13. Diaz Ruiz, C. (2023). Disinformation on digital media platforms: A market-shaping approach. *new media & society*, 14614448231207644.

14. Dimitriadis, D. (2023). Disinformation landscape in Greece. *EU Disinfo Lab.* https://www.disinfo.eu/wp-content/uploads/2023/06/20230623_GreeceDisinfoFS.pdf

15. Dragomir, M., Rúas-Araújo, J., & Horowitz, M. (2024). Beyond online disinformation: assessing national information resilience in four European countries. *Humanities and Social Sciences Communications*, 11(1), 1-10.

16. Echeverría, M., García Santamaría, S., & Hallin, D. C. (2025). *State-Sponsored Disinformation Around the Globe: How Politicians Deceive their Citizens*. Routledge.

17. EDMO Belux (2023). *Regulating Disinformation. Look-up on the Legal Framework in Belgium*. https://belux-edmo.s3-accelerate.amazonaws.com/wp-content/uploads/2023/08/Regulating_disinformation_legal_framework_Belgium.pdf EEAS, 2025).

18. EEAS (2023). *1st EEAS Report on Foreign Information Manipulation and Interference Threats. Towards a framework for networked defence.* https://www.eeas.europa.eu/sites/default/files/documents/2023/EEAS-DataTeam-ThreatReport-2023..pdf

19. EEAS (2024). *2nd EEAS Report on Foreign Information Manipulation and Interference Threats. A Framework for Networked Defence. January 2024.* https://www.eeas.europa.eu/sites/default/files/documents/2024/EEAS-2nd-Report%20on%20FIMI%20Threats-January-2024_0.pdf

20. EEAS (2025). 3rd EEAS Report on Foreign Information Manipulation and Interference Threats. Exposing the Architecture of FIMI Operations. March 2025. https://www.eeas.europa.eu/sites/default/files/documents/2025/EEAS-3nd-ThreatReport-March-2025-05-Digital-HD.pdf

21. EFCSN (2025). *EFCSN Statement on Platforms' Reduced Commitments to the Code of Practice on Disinformation.* https://efcsn.com/news/2025-01-22_efcsn-statement-on-platforms-reduced-commitments-to-the-code-of-practice-on-disinformation/

22. Elswah, M. and Howard, P. N. (2020). "Anything that Causes Chaos": The Organizational Behavior of Russia Today (RT), *Journal of Communication,* Volume 70, Issue 5, October 2020, Pages 623–645. Retrieved from https://doi.org/10.1093/joc/jqaa027

23. Engage (2023, 4 October). *Digital Platform Regulation: Germany's Implementation Draft Bill of the Digital Services Act*. https://www.engage.hoganlovells.com/knowledgeservices/insights-and-analysis/digital-platform-regulation-germanys-implementation-draft-bill-of-the-digital-services-act

24. Epstein, B. (2020). Why it is so difficult to regulate disinformation online. In Bennett, W. L. & Livingston, S. (eds.). *The Disinformation Age: Politics, Technology, and Disruptive Communication in the United States*, 190-210.

25. ERGA (2021). *ERGA Opinion on decision No. 68/1-2 of the Latvian National Electronic Mass Media Council restricting the retransmission of the channel Rossija RTR in the territory of Latvia for 12 months*. https://erga-online.eu/wp-content/uploads/2021/04/2021-03-10-ERGA-Opinion-on-decision-No.-68-1-2-of-the-Latvian-National-Electronic-Mass-Media-Council-as-adopted.pdf

26. Erlanger, S. (2017, March 8). *Russia's RT Network: Is It More BBC or K.G.B.*? New York Times. Retrieved from https://www.nytimes.com/2017/03/08/world/europe/russias-rt-network-is-it-more-bbc-or-kgb.html

27. Etteldorf, C. (2022). [DE] German media regulator bans RT DE television channel in Germany. *IRIS* 2022-3:1/23. https://merlin.obs.coe.int/article/9408

28. EU Disinfo Lab (2023). *The disinformation landscape across Europe*. https://www.disinfo.eu/publications/disinformation-landscapes-in-european-countries/

29. European Commission (2018a). *Action Plan Against Disinformation.* JOIN (2018) 36 final. https://commission.europa.eu/system/files/2018-12/eu-communication-disinformation-euco-05122018_en.pdf

30. European Commission (2018b). *Tackling online disinformation: a European Approach.* COM/2018/236 final. https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:52018DC0236

31. European Commission (2019). *Latvia's decision to suspend broadcast of the Russian language channel "Rossiya RTR" complies with EU law.* Digibyte | Publication 06 May 2019. https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/news/latvias-decision-suspend-broadcast-russian-language-channel-rossiya-rtr-complies-eu-law

32. European Commission (2024). *Commission, online platforms and civil society increase monitoring during Romanian elections.* https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/ip_24_6243

33. European Parliament (2021). *Mapping Fake News and Disinformation in the Western Balkans and Identifying Ways to Effectively Counter Them.* https://www.europarl.europa.eu/thinktank/en/document/EXPO_STU(2020)653621

34. European Parliament (2025). *Motion for a European Parliament Resolution on the 2023 and 2024 Commission Reports on Kosovo (2025/2019(INI)).* https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/A-10-2025-0075_EN.html

35. EUvsDisinfo (2024). *Doppelganger strikes back: FIMI activities in the context of the EE24.* https://euvsdisinfo.eu/uploads/2024/04/EEAS-DataTeam-TechnicalReport-FINAL.pdf

36. Flynn, R. (2024). *Monitoring media pluralism in the digital era: application of the media pluralism monitor in the European member states and in candidate countries in 2023. Country report: Ireland.* European University Institute.

37. Georgetown University Law Center Global Law Scholars (2022). *Law and Disinformation in the Digital Age.* https://www.law.georgetown.edu/wp-content/uploads/2022/04/Law-and-Disinformation-in-the-Digital-Age.pdf

38. Giandomenico, J. & Linderstål, H. (2023). Disinformation landscape in Sweden. *EU Disinfo Lab.* https://www.disinfo.eu/wp-content/uploads/2023/05/Sweden_DisinfoFactsheet.pdf

39. Goodman, E. (2021). Media literacy in Europe and the role of EDMO. *European Digital Media Observatory.* https://edmo.eu/wp-content/uploads/2022/02/Media-literacy-in-Europe-and-the-role-of-EDMO-Report-2021.pdf

40. Google (2025). *Report March 2025*. https://disinfocode.eu/reports

41. Global Disinformation Index (2021): *Monetising Disinformation in the EU.* https://www.europarl.europa.eu/cmsdata/232164/revised_Agenda%20item%207_Clare%20Melford_GDI_Deck_EU-Ad-funded_Disinfo.pdf

42. HDMO (2024). In Hungary, sponsored disinformation ran rampant during the campaign for EU elections, and platforms made good money out of it. *EDMO.* https://edmo.eu/publications/in-hungary-sponsored-disinformation-ran-rampant-during-the-campaign-for-eu-elections-and-platforms-made-good-money-out-of-it/

43. Hénin, N. (2022) What did disinformation look like during the 2022 French presidential election? An overview based on fact-checking articles. *EU disinfo Lab.* https://www.disinfo.eu/publications/what-did-disinformation-look-like-during-the-2022-french-presidential-election-an-overview-based-on-fact-checking-articles/

44. Hénin, N. (2023). FIMI: Towards a European redefinition of foreign interference. *EU Disinfo Lab.* https://www.disinfo.eu/wp-content/uploads/2023/04/20230412_FIMI-FS-FINAL.pdf

45. High Level Expert Group on Fake News and Online Disinformation (2018): *A multidimensional approach to disinformation - Report of the independent High level Group on fake news and online disinformation.* Brussels: European Commission. https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/library/final-report-high-level-expertgroup-fake-news-and-online-disinformation.

46. Humprecht, E., Esser, F., & Van Aelst, P. (2020). Resilience to online disinformation: A framework for cross-national comparative research. *The international journal of press/politics*, 25(3), 493-516.

47. Jungherr, A. (27 Jun 2024): Foundational questions for the regulation of digital disinformation, *Journal of Media Law*, DOI: 10.1080/17577632.2024.2362484

48. Kapronczay, S. (2022). *Complaint to the EC.* Retrieved from https://www.politicalcapital.hu/pcadmin/source/documents/TASZ-PC_EC-complaint-PublicBroadcast_Russia_War.pdf

49. Keranov, D. (2025, Mar. 20). Hungary's Power Play In North Macedonia. *GMFUS*. https://www.gmfus.org/news/hungarys-power-play-north-macedonia

50. Kreiss, D. (2021). Social Media and Democracy: The State of the Field, prospects for Reform. *The International Journal of Press/Politics,* 26(2), p. 505–512.

51. Media Literacy Index (2023). *"Bye, bye, birdie": Meeting the Challenges of Disinformation.* https://osis.bg/wp-content/uploads/2023/06/MLI-report-in-English-22.06.pdf

52. Munch, E. (2022, 25 February). *Situation in Ukraine prompts reactions from NRAs across Europe. European Platform for Regulatory Authorities.* https://www.epra.org/news_items/nras-react-to-the-crisis-in-ukraine

53. Nenadić, I. (2019). Unpacking the "European approach" to tackling challenges of disinformation and political manipulation. *Internet Policy Review,* 8(4), 1-22.

54. Nestoras, A. (2019). How the Kremlin is manipulating the Refugee Crisis. *Institute of European Democrats.* https://www.iedonline.eu/download/2019/IED-Research-Paper-Russia-as-a-security-provider_January2019.pdf

55. NewsGuard (2021). *Special Report: Top brands are sending $2.6 billion to misinformation websites each year*. https://www.newsguardtech.com/special-reports/brands-send-billions-to-misinformation-websites-newsguard-comscore-report/

56. NewsGuard (2022a, February 20). RT.com. Retrieved from https://www.newsguardtech.com/wp-content/uploads/2022/02/RT-NewsGuard-Nutrition-Label-02202022.pdf

57. NewsGuard (2022b, February 20). SputnikNews.com. Retrieved from https://www.newsguardtech.com/wp-content/uploads/2022/02/SputnikNews-NewsGuard-Nutrition-Label-02202022.pdf

58. Nikodinoska, V. & Chausidis, T. (2025). Deprived Media Market, Low Ethical Standards, Need for Effective Legislation. The Future of the Media in North Macedonia – Facts and Trends. SEENPM. https://futureofmedia.seenpm.org/wp-content/uploads/2025/03/Ourmedia-North-Macedonia-EN.pdf

59. Office of Public Affairs, U.S. Department of Justice (2020). *United States Seizes Domain Names Used by Iran's Islamic Revolutionary Guard Corps.* https://www.justice.gov/opa/pr/united-states-seizes-domain-names-used-iran-s-islamic-revolutionary-guard-corps

60. Ó Fathaigh, R., Helberger, N., & Appelman, N. (2021). The perils of legally defining disinformation. Internet policy review, 10(4), 2022-40.

61. Pankovski and Rechica (2022) https://cess.org/wp-content/uploads/2022/02/CESS-Policy-Brief_6-2022_EN.pdf

62. Pardal, F. (2023). Disinformation Landscape in Portugal. *EU Disinfo Lab.* https://www.disinfo.eu/wp-content/uploads/2023/09/20230919_PT_DisinfoFS.pdf

63. Pitchers, C. (2023, June 5). Twitter has chosen 'confrontation' with Brussels over disinformation code of conduct. Euronews. https://www.euronews.com/my-europe/2023/06/05/twitter-has-chosen-confrontation-with-brussels-over-disinformation-code-of-conduct

64. Politico (2021). "Safeguarding freedom of speech online – a joint non-paper on the DSA by Sweden, Ireland and Finland" (18 June 2021). https://www.politico.eu/wp-content/uploads/2021/06/18/joint-non-paper-on-the-DSA-final46.pdf

65. Pollicino, O., & Somaini, L. (2020). Online disinformation and freedom of expression in the democratic context: The European and Italian responses. In Misinformation in Referenda (pp. 171-193). Routledge.

66. Pollicino, O. & Somaini, L. (2020). Online disinformation and freedom of expression in the electoral context: the European and Italian responses. https://ssrn.com/abstract=3552680

67. Sarbu, M & Tanno, S. (2024). Romania's top court annuls presidential election result. *CNN.* https://edition.cnn.com/2024/12/06/europe/romania-annuls-presidential-election-intl/index.html

68. Schäfer, C. (2023). Disinformation landscape in Austria. *EU Disinfo Lab.* https://www.disinfo.eu/wp-content/uploads/2023/06/20230621_AustriaDisinfoFS.pdf

69. Simonsen, S. (2024). Monitoring Media Pluralism in the Digital Era: Application of the Media Pluralism Monitor in the European Member States And Candidate Countries in 2023 Country Report from Denmark. In Media Pluralism Monitor.

70. Sitistas, T, Canetta, T., Panizio, E. (2024). Russian disinformation network "Pravda" grew bigger in the EU, even after its uncovering. *EDMO.* https://edmo.eu/publications/russian-disinformation-network-pravda-grew-bigger-in-the-eu-even-after-its-uncovering/

71. Statista (2021). Programmatic advertising revenue of misinformation publishing sites in the United States and worldwide in 2021(in billion U.S. dollars). https://www.statista.com/statistics/1253292/misinformation-publishers-advertising-revenue/

72. The Future of Free Speech (2024). Preventing "Torrents of Hate" or Stifling Free Expression Online? An Assessment of Social Media Content Removal in France, Germany, and Sweden. https://futurefreespeech.org/wp-content/uploads/2024/05/Preventing-Torrents-of-Hate-or-Stifling-Free-Expression-Online-The-Future-of-Free-Speech.pdf

73. Trojachanec, M. & Rizaov, G. (2024). Stability Under Threat: FIMI in North Macedonia. Metamorphosis. https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2024/09/fimi-north-macedonia-report-final-for-publishing-30-09-2024.pdf

74. Trpkovski, G. (2020, Feb 14). How Hungarian Olive Oil Kept Macedonian Media Afloat. BalkanInsight. https://balkaninsight.com/2020/02/14/how-hungarian-olive-oil-kept-macedonian-media-afloat/?fbclid=IwAR2Wa0OQfm0aF1q4GrfyBY0uCOSlhVjn-sFhBmAetiuiUvmBTkfDC5nfjSg

75. Tworek, H., & Leerssen, P. (2019). An analysis of Germany's NetzDG law. First session of the Transatlantic High Level Working Group on Content Moderation Online and Freedom of Expression.

76. Türk, P. (2023). France. In Pollicino, O. (ed). Freedom of Speech and the Regulation of Fake News. Intersentia, 199-238.

77. Urbán, Á., Horváth, K. & Polyák, G. (2023). How public service media disinformation shapes Hungarian public discourse. Media and Communication, 11(4), 62-72.

78. US National Intelligence Council (2017). Intelligence Community Assessment: Assessing Russian Activities and Intentions in Recent US Elections (ICA 2017-01D). Retrieved from https://www.dni.gov/files/documents/ICA_2017_01.pdf

79. Van Raemdonck, N., & Meyer, T. (2024). Why disinformation is here to stay. A socio-technical analysis of disinformation as a hybrid threat. In Addressing Hybrid Threats (pp. 57-83). Edward Elgar Publishing.

80. Venice Commission (2024). European Commission for Democracy Through Law (Venice Commission) Hungary Opinion on Act LXXXVIII of 2023 on the Protection of National Sovereignty. Adopted by the Venice Commission at its 138th Plenary Session (Venice, 15-16 March 2024). https://www.venice.coe.int/webforms/documents/default.aspx?pdffile=CDL-AD(2024)001-e

81. VigiNum (2024). *PORTAL KOMBAT. A structured and coordinated pro-Russian propaganda network.* https://www.sgdsn.gouv.fr/files/files/20240212_NP_SGDSN_VIGINUM_PORTAL-KOMBAT-NETWORK_ENG_VF.pdf

82. Vériter, S. L. (2024). Small-state influence in EU security governance: Unveiling Latvian lobbying against disinformation. *JCMS: Journal of Common Market Studies*, 62(6), 1538-1559.

83. Voorhoof, D. (2022, May 8). EU silences Russian state media: a step in the wrong direction. The International Forum for Responsible Media Blog. Retrieved from https://inforrm.org/2022/05/08/eu-silences-russian-state-media-a-step-in-the-wrong-direction-dirk-voorhoof/

84. Vujić, M. (2024). Implementing the Digital Services Act in the Western Balkans: Risks of Illegal Content Regulation. Partners for Democratic Change Serbia. https://www.partners-serbia.org/public/news/implementing-dsa-wb.pdf

85. Wardle, C. & Derakhshan, H. (2017). *Information disorder: Toward an interdisciplinary framework for research and policymaking.* Strasbourg: Council of Europe.

86. Wardle, C. (2023). Misunderstanding Misinformation. Issues in Science and Technology, 39(3). https://issues.org/misunderstanding-misinformation-wardle/

87. Yablokov, I. (2015). Conspiracy Theories as a Russian Public Diplomacy Tool: The Case of Russia Today (RT). Politics, 35(3–4), 301–315. Retrieved from https://doi.org/10.1111/1467-9256.12097

За авторот

Конрад Блејер-Симон е соработник-истражувач во Центарот за плурализам и слобода на медиумите - ЦПСМ (при Институтот на Европскиот универзитет од Фиренца, Италија) и работи на анализи на политики и истражувања во рамки на Европската опсерваторија за дигитални медиуми (ЕОДМ). Тој е вклучен во работата на ЕОДМ за структурни индикатори и претседава со Работната група за политики и анализи на локалните центри на ЕОДМ. Има докторска диплома од заедничката програма „Човекови права под притисок“ на Универзитетот Фреје во Берлин и Универзитетот во Ерусалим, како и магистратура по меѓународни односи на Универзитетот Колумбија. Пред да се приклучи на ЦПСМ/ЕОДМ, работел за невладини организации и медиуми во Берлин, Брисел, Бишкек и Будимпешта. Во фокусот на неговите истражувања се медиумските политики и политиките за борба против дезинформации, слободните медиуми, како и новите модели за одржливост на медиумите.

Институт за комуникациски студии

НЕ ВЕРУВАЈ ПРОВЕРУВАЈ! #користифакти

www.iks.edu.mk
info@iks.edu.mk

British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

Овој производ е подготвен во рамките на проектот „Следење, откривање и разобличување на скриеното странско мешање и манипулирање со информации“, финансиран од Владата на Обединетото Кралство, со поддршка на Британската амбасада во Македонија. Мислењата и ставовите изразени овде не ги одразуваат нужно мислењата и ставовите на Британската влада.

Институт за комуникациски студии

НЕ ВЕРУВАЈ
ПРОВЕРУВАЈ!
#користифакти